# моја ЗЕМЈА

СПИСАНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

октомври 2010 број 60 www.ffrm.org.mk цена: 50 ден.



ЖИТНИ СЕАЛКИ



ISSN 1857-534X

## 8 ХЕКТАРИ ПЛАНТАЖА СО КУЛТИВИРАН ЛЕШНИК



ЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНЧУКОТ ВО СВЕЖА СОСТОЈБА ВО ЗИМА



ТЕХНОЛОГИЈА НА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА „КУРТОВСКА КАПИЈА"



ПРАВИЛНО СКЛАДИРАЊЕ НА ЈАБОЛКАТА



КОЊСКОТО ОПАВЧЕ ОТРОВ ИЛИ ЛЕК

Dow AgroSciences

# DURSBAN G-5

инсектицид

**Единствен дозволен почвен инсектицид во Р.Македонија**

**hlorpirifos-etil - 50gr/kg**

**гранули за непосредна примена (G)**

## Општи информации

**Dursban G-5** успешно се употребува за сузбивање на штетници кои ги гризаат деловите од растението или ги цицаат растителните сокови, а припаѓаат на следните редови: пеперутки (*Lepidoptera*), тврдокрилци (*Coleoptera*), еднаквокрилци (*Homoptera*), двокрилци (*Diptera*), во голем број на земјоделски култури во доза од 4 - 6 кг/декар кога се употребува на цела површина или 2 кг/декар кога се употребува во редови.



Зелкови култури



Кромид, лук и праз



Морков



Пиперки и домати

**ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ**
**ДОО Велес**
**тел: 043-212-552, 043-212-553**
**факс: 043-243-210**

УРЕДНИЧКИ ЗБОР

# Како до успех?!

И оваа година најголемо незадоволство од откупот повторно се појави кај лозарите. Протести, блокирање на патишта, незадоволство кај фармерите, притисоци врз Министерството за земјоделство, притисоци врз винариите.

Се поставува прашањето дали со сите овие репресивни мерки се постигна успех.

Или подобро кажано, колку со протестите се исплати ланското грозје и се доби цена иста како минатата година со цел фармерите да можат да ги покријат своите трошоци.

Винариите цело време тврдеа дека немаат пари и дека не можат да откупуваат грозје бидејќи имаат залихи, за на крајот да се договорат со лозарите дека ќе им ги исплатат долговите и дека ќе им го откупат грозјето. Ова покажува дека тука има некоја забуна, грешка или лага, а уште поточно манипулација која во јавноста беше прикажана како ситуација во која лозарите го добија она што го бараа.

Се поставува и прашањето дали се потпишаа договорите помеѓу винариите и фармерите за откупот на грозјето или сè е повторно на усно кажано?

Лозарите повторно останууваат изиграни, но се надевам дека од овие протести сите инволвирани лица извлекоа добра поука.

Во иднина треба поорганизирано да се настапува. Тоа значи навремено согледување на проблемите и преземање на активности уште во пролетниот период.

Барањето пазари да се прави порано, а не во месец август. Треба да се изготви стратегија за продажба на виното и на грозјето.

Сето ова ќе ги обедини и ќе овозможи подобар дијалог помеѓу фармерите, винариите, експертите и надлежните институции.



Ако се дејствува порано, ќе има поголем успех и позитивни резултати. Ако се започне отсега да се размислува за идната реколта и да се работи на ова поле, идната година нема да има незадоволство и може да се очекуваат подобри времиња и за грозјето и за виното.

Со почит,

Билјана Петровска - Митревска

СОДРЖИНА




Интервју: Претседател на ФФРМ, Андрија Секуловски
ИНФОРМИРАНИ, ОРГАНИЗИРАНИ, ЕДУЦИРАНИ ЌЕ СЕ СПРОТИВСТАВИМЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ 4



Градинарство
ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШЕРИ-ДОМАТИ 10







Градинарство
КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ГО НАМАЛИЈА ПРИНОСОТ НА МАЛЕШЕВСКИОТ КОМПИР 16



Поледелство
СО АГРОХЕМИСКА АНАЛИЗА И ЃУБРЕЊЕ ДО КВАЛИТЕТНА ПЧЕНИЦА 24







Пчеларство
ВКУСНА РАКИЈА ОД МЕД 29



Цвеќарство
ПРАВИЛНО ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ТЕМЈАНУШКИ 30





ФФРМ Медија

Списанието „Моја земја" излегува месечно и е во сопственост на Федерацијата на фармери во Република Македонија. Првиот број излезе како организациски билтен на ФФРМ во април 2003 година, а од декември 2006 се дистрибуира како месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој.

**Моја земја**
Октомври 2010

**Издавач:**
ФФРМ Медија
Ул. Гиго Михајловски
Бр. 3, 1000 Скопје
Тел/Факс: 02 3099042
е-маил: mojazemja@gmail.com

**Број на жиро сметка:**
380-1-645333 001-46
Прокредит банка

**Управител и маркетинг**
Благојче Најдовски 070/937132
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk

**Главен и одговорен уредник**
Билјана Петровска Митревска
biljana.petrovska@ffrm.org.mk

**Заменик уредник**
Македонка Балдазарска
domenmk@gmail.com

**Фото вест - насловна**
Благојче Најдовски

**Лектор**
Верица Неделкоска

**Новинар**
Даниела Такева

**Стручни соработници**
проф. д-р Драги Таневски, Стојан Глигоров, Ламбе Куциноски, м-р Елизабета Мискоска-Милевска, д-р Лефтерија Станковиќ, Видоја Трпевски, Никола Трампевски, Томе Тимов, Агрон Халими, Огнен Оровчанец

**Соработници**
Весна Деловска
Љубинка Дивјакоска

**Дизајн:** Бригада дизајн - Скопје

**Печати:** Пропоинт - Скопје


Почитувани читатели, сите сугестии, забелешки, прашања и критики, Ве молиме, да ги испраќате на маил адресите наведени во импресумот. Со тоа ќе влијаете на квалитетот на содржината и ќе добиете информации за Ваше подобро и поквалитетно земјоделско производство или развој на средината. Затоа, редакцијата Ве охрабрува да ни пишувате.

# Информирани, организирани, едуцирани ќе се спротивставиме на проблемите



**Новиот начин на функционирање се заснова на формирање на секторски тимови со што ќе настојуваме да ги предвидиме проблемите во аграрот и за нив да даваме јасни насоки со цел тие да не ни се случуваат или барем да ги предвидиме ризиците во нашето работење за тие да бидат во што помал обем**

**Подготви: Биљана Петровска-Митревска**

Андрија Секуловски, регистриран фармер, производител на јаболка во преспанското село Љубојно, е новиот претседател на ФФРМ.

Андрија Секуловски, исто така, е координатор на земјоделското здружение „Група за развој на потсектор јаболко", членка на ФФРМ, а по одржувањето на вонредното собрание на ФФРМ на 22 јуни, новиот Управен одбор на Федерацијата го назначи Секуловски за нејзин претседател.

**Моја земја:** Со вашето доаѓање на оваа позиција се појавија реакции на фармери кои тврдеа дека постапката за вашиот избор е нелегална. Колку има вистина во тоа?

**Андрија Секуловски**: Првата работа што треба да ја знае јавноста околу моето назначување за претседател е дека претседателот се бира од членовите на Управниот одбор на ФФРМ кој во моментов брои 17 члена. Јас бев вториот кандидат за оваа позиција и по гласањето, 16 члена од вкупно 17 го дадоа својот глас за претседател на ФФРМ да бидам јас. За каква нелегалност се работи, навистина не знам.

Втората работа што сакам да ја знае јавноста е тоа дека 2/3 од членството на ФФРМ одлучи дека треба да се направат одредени промени во Федерацијатазаподобро функционирање на организацијата и според Законот за здруженија (член 24) и Статутот на ФФРМ, тие имаат право да го направат тоа сосема легитимно. Не може која и да е организација да има 100% задоволно членство, а уште помалку

„Во моето семејство отсекогаш се одгледувале јаболка така што и јас решив да ја продолжам таа традиција. Заедно со моето петчлено семејство решивме да инвестираме во производство на јаболка, како производ кој во преспанскиот крај има долга традиција затоа што има оптимални микроклиматски предуслови за негово производство. Во моментов произведувам неколку сорти на јаболка на околу четири хектари површина, во просек околу 900-1000 садници по хектар. Исто така, произведувам помали количества и грозје, праски, мушмули, градинарски производи, додека околу три хектари слободна земја чека некои подобри времиња за подигање на современ насад под јаболка", вели Секуловски. Тој повеќе од десет години е вклучен во невладиниот сектор и бил вклучен во повеќе проекти меѓу кои се: Поддршка на земјоделските здруженија во РМ, Вкусот на Македонија, Пазарен информативен систем, Сметководствена евиденција на фарма. Секуловски од 2004 година директно учествувал во развојот на алтернативниот туризам во преспанскиот регион и на ова поле има работено на неколку проекти.

членовите кои се незадоволни да бидат инволвирани во непочитувањето на Статутот и деловникот за работа според кои се раководи една организација.

Третата работа, самиот процес помина низ сите легални алатки што му стојат на располагање на членството за да се избори за своите права, од барањата да се спречат проблемите на Управен одбор, комуникација и убедувања со членовите на стариот УО и кога сето ова не профункционира, во јуни оваа година беше формиран Иницијативен одбор составен од 24 здруженија од вкупно тогашни 39 здруженија во ФФРМ за свикување на вонредно собрание коешто е највисокото одлучувачко тело во секоја организација и тоа се одржа на 22 јуни.

**Моја земја:** Најмногу напади и обвинувања за вас имаше од претходното раководство на ФФРМ, каде што претседател беше Ѓоко Данаилов. Она што беше тврдено е дека собранието е нелегитимно и дека се направени неправилности во самата организациска структура на ФФРМ. Како го објаснувате ова?

**Андрија Секуловски:** Лесно е да се обвинува без аргументи и тоа има краткорочно дејство. Лесно е секогаш да ги менувате вашите ставови, како што народски се вели „како лелајка на оџак", но тешко е да изградите став којшто е аргументиран и да го браните со факти. Овој процес е секогаш најтежок и најодговорен. За личностите што ги дaваа тие коментари не сакам да коментирам во моментов, но би истакнал дека на таков начин само направија проблеми во ФФРМ на штета на фармерите и земјоделството. Треба да ни е јасно дека една личност ниту може да изгради, ниту може да растури една организација. Јас организацијата ја гледам како тим на луѓе каде што секој знае да си ја одработи својата задача.

**Моја земја:** Проблеми настанаа и во регионалните канцеларии на ФФРМ?

**Андрија Секуловски:** Да, за жал, оние луѓе кои се промовираа дека се за ФФРМ смислено направија да им истечат договорите на вработените, ги затворија канцелариите, заменија дел од вработените со образложение дека не биле соодветни. Точно е дека два месеца ФФРМ функционираше без печати, кои беа во поранешниот претседател на ФФРМ, Ѓоко Данаилов, така што голем број документи, проекти не можеа да бидат архивирани и заверени со печат на ФФРМ. До ден-денес ние ги немаме тие печати и покрај тоа што беше писмено побарано тие да бидат вратени во ФФРМ. Вакво нешто не се има случено во изминатите години од работењето на ФФРМ.

Она што би го истакнал сега е дека за краток период ја сменивме сликата во Федерацијата. Канцелариите се отворени и си работаат нормално, се остваруваат средби во регионите за поблиску и реално да се информираат членките за промените во ФФРМ.

**Моја земја:** Наспроти интерните проблеми во ФФРМ, на што моментно се фокусирате околу актуелните земјоделски проблеми?

**Андрија Секуловски:** Она што тековно се случуваше во ФФРМ јас го карактеризирам како развој, созревање на организацијата и поставување на правила на игра со што сите ќе имаат корист, а со тоа се избегнуваат сите недоразбирања.

Во ниеден момент не се прекина со градењето на релевантни ставови за тековните проблеми со кои се соочува нашето членство. Напротив, се тргна кон директна комуникација во повеќе региони. На ваков начин ФФРМ ја гради својата препознатливост и кон нашето членство, но и кон институциите пред коишто лобираме и ги застапуваме нашите членки. Во овој период интензивно бевме вклучени во преговорите во Министерството за земјоделство помеѓу лозарите и винариите. Одржавме и средба со лозарите од цела Македонија од каде што произлегоа главните заклучоци кои беа основа за понатамошните преговори, а тоа значи да се договорат минимални цени на ниво од минатата година и да се исплатат долговите од минатата година. За време на преговорите ФФРМ постојано се залагаше да се развие дијалог помеѓу двете засегнати страни, односно помеѓу фармерите и винариите.

**Моја земја:** Која е вашата програма на активности за решавање на проблемите и за развој на земјоделството?

**Андрија Секуловски:** Новиот начин на работа на ФФРМ понатаму ќе се надградува со тоа што се зацртани следните цели:

- Мора да располагаме со релевантни податоци од нашето членство како предуслов за понатамошно градење на ставови (преку агресивно ажурирање на податоците од нашето членство, кои се нивните капацитети, до правење на калкулации за цената на чинење на производ во секој сектор поединечно);
- Новиот начин на функционирање се заснова на формирање на секторски тимови со што ќе настојуваме да ги предвидиме проблемите во аграрот и за нив да даваме јасни насоки со цел тие да не ни се случуваат или барем да ги предвидиме ризиците во нашето работење за тие да бидат во што помал обем.

На ваков начин ќе се зајакнат капацитетите на ФФРМ за конкретно и значајно настапување и лобирање пред соодветните институции.

**Моја земја:** Каква е комуникацијата со надлежните владини институции?

**Андрија Секуловски:** Комуникација постои, но ние како организација сè уште не сме задоволни во доволна мера од тоа како институциите гледаат на нас. Ние мораме да соработуваме, да разменуваме искуства, да градиме заеднички политики за развој на аграрот, секогаш мора аргументирано да ги спротивставуваме нашите мислења, ставови, со една цел – кога луѓето ќе се определат да инвестираат во аграрот, нивните производи да бидат конкурентни на пазарот, а нивните стопанства да бидат профитабилни.

**Моја земја:** Која е вашата порака за земјоделците со цел да имаме развој во овој сектор?

**Андрија Секуловски:** Организирани, едуцирани, поткованi со знаење фармери, секојдневно да учиме и да ги следиме новите техничко-технолошки достигнувања.

Мораме да бидеме свесни и за глобализацијата, климатските промени и само информирани, организирани, едуцирани ќе можеме да се спротивставиме на проблемите што ни ги создава природата, пазарот, власта.

Ако го практикуваме сето она што беше кажано погоре, тогаш ќе бидат горди генерациите што ќе нè наследат, а ние ќе бидеме едно светло минато за нив. ■



ОН во Њујорк заклучиле:

## Малите фарми ќе го прехранат светот



Истражувачите веруваат дека малите земјоделци, односно малите фарми, се клучот за прехранување на населението на планетата. Затоа е најважно е да им се помогне на малите фарми, заклучиле експертите на Конференцијата на Обединетите нации посветена на постигнување на Милениумските развојни цели, со кои би требало да се намали сиромаштијата и гладот во светот.



ФАО

## Цената на пченицата нестабилна до 2011 година

„Светските цени на пченицата во следните месеци ќе бидат високи и нестабилни, но тие нема да ја предизвикаат општата стапка на инфлација во цените на храната на светскиот пазар. Проблемот со намалување на житните култури во светот засега се покрива со трошење на резервите. Кога тие ќе се намалат, цените ќе бидат понеприфатливи отколку што се сега", рече Абдолреца Абасијан, аналитичар на пазарот на жито при ФАО, во интервју за „Ројтерс". Абасијан предвидува дека оваа ситуација ќе потрае додека не се добијат попрецизни предвидувања за жетвата во 2011 година. Тој забележува дека ФАО, поради пониските проценки за руската жетва, ќе ја намалат својата прогноза за родот на житарките во 2010 година за 5-7 милиони тони.

Белград

## Заштита на уникатната тегла за мед

Сојузот на пчеларските организации на Србија ја заштитил уникатната тегла за мед во Институтот за интелектуална сопственост. Уникатната тегла на СПОС има традиционална форма на ќуп, со натпис со кирилични букви на долниот дел на теглата: „Сојуз на пчеларските организации на Србија" и со грбот на СПОС на врвот на теглата. Во теглата собира килограм мед. Теглите можат да ги користат само овластени лица (правни и физички) и да ги полнат исклучително со мед собран од територијата на Србија. Во текот на следната година ќе биде завршен Правилникот за регулирање на пчеларските добри практики кои ќе бидат основа за користење на теглата од страна на сите членови на СПОС.





Со подршка од АгБиз

## Македонски извозници на саем во Москва

Три македонски извозници на свежи производи: Агролозар, од Струмица, Вардар 03 Градско и Баџо Богданци, ги изложија своите производи на саемот„Светот на храната во Москва" во Русија, кој се одржа од 13 до 18 септември. Македонските компании успешно ги презентираа своите свежи производи, остварија контакти со потенцијални купувачи и потпишаа пред-договори за продажба на македонски свежи производи во вредност од 1,5 милион евра. Со цел подобро разбирање на рускиот пазар од 2008 година АгБиз организира студиски патувања на саемот „Светот на храната во Москва". Врз основа на постигнатите резултати на изложбата од минатата година каде што беа потпишани договори во вредност од 958.000 евра, оваа година учесниците постигнаа уште поголеми резултати.

„Светот на храната во Москва" е еден од најрелевантните саеми од областа на овошјето и зеленчукот. Компании кои се добро поставени и претпознатливи на рускиот пазар и оние кои сега планирааат да станат дел од овој пазар. Саемот е ефикасна платформа за поврзување и комуницирање со бројните купувачи и добавувачи на рускиот и на другите пазари. Со население од 150 милиони луѓе, Русија е многу голем пазар за свежи производи.





Производство во заштитени простори
ОРАНЖЕРИИ ПЛАСТЕНИЦИ
NetaJET
АГРО ТЕХНОЛОГИЈА
АГРО ИСКУСТВО
АГРО ЗНАЕЊЕ
АГРО ЕКОНОМИЈА
MAGAN-MAK
МАГАН МАК
Орце Николов 71
1000 Скопје Р. М
Тел: 02/3216-147
факс: 02/3216-158
NETAFIM™

# Престанува да важи Одлуката за врзан увоз на брашно со домашна пченица




По предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата на Република Македонија донесе Одлука за престанување на важење на мерката за заштита на пазарот на пченица и на брашно со врзување на количествата на увоз на брашно со откуп на домашна пченица во соодност 1 спрема 4.

По стабилизирањеето на домашниот и на странскиот пазар со пченица и со брашно и со претходно престанување на важноста на одредбата од Одлуката за врзување на увозот со откуп на домашна пченица, со најновата Одлука, увозот на пченица и на брашно ќе се врши без дополнителни обврски.

Оваа одлука влегува во сила првиот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Времената одлука од 21.07.2010 година беше донесена заради заштита на домашниот пазар со пченица и брашно, но и за земјоделските производители. Во периодот на нејзиното важење, таа ги постигна ефектите. Откупната цена на пченицата од седум денари за килограм во почетокот на жетвата достигна до 10 денари на крајот од откупната кампања. ■

## Министерството за земјоделство ги спроведе ЕУ препораките од ланскиот Извештај за состојбите во аграрот

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во изминатиот период реализира најголем дел од мерките за прилагодување на македонската аграрна легислатива со европската. Од вкупно изготвените шест законски решенија согласно ЕУ препораките, донесени се три, за рибарство и аквакултура, за земјоделство и рурален развој и за вино, во собраниска процедура се две, за квалитет на земјоделски производи и за безбедност на храна на животни, а едно за безбедност на храна е на разгледување во Владата.

Ова, ресорниот министер Љупчо Димовски му го соопшти на вицепремиерот за европски прашања, Васко Наумовски, на работниот состанок во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

„Констатиравме дека се веќе преземени потребните мерки за најголем дел од препораките нотирани во ланскиот извештај од Европската комисија. Повеќето се од областа на безбедност на храна и рурален развој", изјави Наумовски по средбата.

Заедно со подзаконските акти и законите донесени во овој период, напомена, Министерството за земјоделство прилагоди вкупно 208 ЕУ мерки, регулативи, директиви и одлуки, што е добар показател за степенот на усогласеност во фазата во која се наоѓа Македонија.

Донесувањето на Законот за безбедност на храната ќе ги расчисти сите досегашни недоречености околу преклопувањето на ингеренциите на министерствата за земјоделство и за здравство во оваа сфера. „Една од целите на овој закон е да се поделат надлежностите на двете институции. Тоа беше и една од забелешките во последниот Извештај од Европската комисија", рече вицепремиерот.

Министерот Димовски најави дека за што е можно покус рок до Владата ќе бидат доставени и измените на Законот за земјоделско земјиште кои значително ќе ја олеснат постапката за добивање имотни листови преку локалната самоуправа.

„Ќе успееме благовремено да го доставиме Законот и до Собранието. Изготвеното решение ќе го олесни добивањето документација за земјоделците кои имаат потреба и желба да аплицираат за финансиска поддршка, а чии барања главно се однесуваат на објекти во руралните средини", истакна Димовски.

Одговорајќи на новинарски прашања, министерот рече дека субвенциите за тутунот се целосно исплатени, а во тек е реализација и на поддршката за млекото. Пред објавувањето на есенскиот Извештај од Европската комисија за напредокот на Македонија, Наумовски ќе има уште една средба со Димовски во врска со ЕУ активностите на Министерството. ■

## Спроведување на програмата за плодоуживање

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство активно работеше на спроведување на мерката од последниот пакет антикризни мерки за давање на државно земјоделско земјиште на плодоуживање на невработените и социјално необезбедените лица. При посетата на општина Свети Николе и средбата со градоначалникот Роберт Ѓоргиев, заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Перица Иваноски, истакна дека ова е една од мерките на Владата со која им се дава можност за самовработување на невработените и социјално необезбедените лица и тоа со доделување на државно земјоделско земјиште на пет години, без плаќање на закупнина.

„Право за поднесување барања за доделување на државно земјоделско земјиште на плодоуживање имаа невработените лица, евидентирани во Агенцијата за вработување најмалку една година, невработени лица на кои работниот однос

им престанал поради стечај, ликвидација или деловни причини (технолошки, економски организациони и слични промени). Право да аплицираат за оваа мерка имаа и невработените лица коишто се корисници на паричен надоместок согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, како и невработените на кои им престанало правото на паричен надоместок, една година од престанувањето на правото. За оваа мерка барање можеа да достават и корисниците на социјална парична помош, согласно Законот за социјална заштита", истакна заменик-министерот Ианоски.

Согласно оваа програма, на плодоуживање се дадени 750 хектари државно земјоделско земјиште и тоа на целата територија на Република Македонија. Во Свети Николе, на плодоуживање се дадени 25 хектари.

Барање за доделување земјоделско земјиште на плодоуживање заинтересираните лица можеа да поднесат до 26 септември и тоа во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, каде што се наоѓа земјоделското земјиште за кое се заинтересирани.

## Министерот Димовски се сретна со новиот турски амбасадор во Република Македонија, г. Сокменсуер

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Димовски, се сретна со новиот амбасадор на Република Турција во нашава држава, Ѓурол Сокменсуер.

„Република Македонија има одлична соработка со Република Турција во сите сектори, вклучително и во земјоделството. Нашите две држави ги поврзува долга заедничка историја и пријателство, оттаму е и моето задоволството што оваа година Република Турција е земја-партнер на овогодишниот меѓународен саем за земјоделство што наскоро ќе се одржи кај нас. Радува и фактот што гостин на оваа саемска манифестација ќе биде и мојот колега, министерот за земјоделство и рурален развој на пријателска Турција, господин Мехмет Мехди Екер", истакна министерот Димовски.

Амбасадорот Сокменсуер ја поздрави досегашната успешна и плодна соработка на министерот Димовски со неговиот претходник, амбасадорот Аслан Хакан Окчал, и вети продолжување и продлабочување на соработката на сите полиња.



## Министерот Димовски ја отвори годишната конференција на „ПРЕПАРЕ" програмата за рурален развој

Преку 100 претставници од 20 европски држави учествуваат на годишната конференција на „ПРЕПАРЕ" програмата во Охрид. Програмата посветена на руралниот економски развој и проширувањето на ЕУ кон Југоисточна Европа ја отвори министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Димовски.

Целите на програмата „ПРЕПАРЕ", истакна Димовски, се совпаѓаат со македонската национална Програма за рурален развој - јакнење на граѓанското општество и промоција на мултинационалната размена во руралниот развој.

„Суштината на Програмата за рурален развој чија основа е модернизацијата и развојот на руралните стопанства, земјоделците добро ја разбраа. Само минатата година преку оваа програма се набавени 250 нови трактори, приклучна механизација, модернизирани се голем број сточарски фарми, што оди во насока на остварување на целта - подобрување на стандардот на руралното население и животот на село", нагласи министерот Димовски.

Тој оцени дека конференцијата е добра можност за согледување на тековните и идните предизвици во руралиот развој во Европа, основа за размена на искуства и идеи, стимулирање на соработката и промовирање на дијалогот меѓу институционалниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Според претседавачот со „ПРЕПАРЕ", Ханес Лоренцен, важноста на работилниците како оваа во Охрид е голема затоа што во нејзината работа, освен земјите-членки на ЕУ, учествуваат и државите кои сè уште се надвор од европското семејство.

„Тоа е нашето богатство, што можеме да покажеме дека граѓанското општество може да ги координира своите активности на ниво на Европа, а не на ниво на ЕУ, како и да манифестира конструктивна соработка меѓу субјекти на сите општествени нивоа", истакна Лоренцен.

Активностите во рамки на мрежата „ПРЕПАРЕ" се во насока на јакнење на цивилното општество и промоција на меѓународната соработка во делот рурален развој, особено кај новите членки на Унијата, државите- кандидати за членство, како и земјите кои чекаат на ЕУ проширувањето.

Една од најважните компоненти на програма „ПРЕПАРЕ" се токму меѓународните собири како овој што се одржува во Охрид, на кои им се овозможува на руралните заедници да расправаат и да ги изнесуваат ставовите за актуелните предизвици со кои се соочува руралниот развој во Европа, за создавањето услови за контакти за размена на идеи и искуства, како и за промоција на дијалогот меѓу институционалниот, приватниот и граѓанскиот сектор.



# Најкупувани домати на европските пазари

## Приносот на шери-доматите е поголем отколку на обичните, вели Благојче Анастасов, кој десет години се занимава со градинарство

Пишува: Билјана Петровска - Митревска

Желбата да внесува иновации во градинарството го натерала младиот фармер Благојче Анастасов од светиниколското село Аџиматово да одгледува ситноплодни шери-домати. Тој десет години се занимава со земјоделство, а оваа година прв пат засадил шери-домати.

„Шери-доматите се многу барани на европските пазари и неслучајно се прифатени од западниот пазар. Потрошувачите повеќе сакаат ситни отколку крупни плодови. Овој тренд наскоро ќе дојде и кај нас", вели Анастасов.

Доматите ги насадил во март. Тие не бараат посебна технологија на одгледување. Таа е иста со онаа на обичниот домат.

„Единствената разлика е во големината на семето, што во практиката значи подолг период за негово поникнување. Оваа година беше специфична во заштитата на доматите. Најпрво употребив бакарни препарати кои помагаат против пламеницата, а воедно и ја зајакнуваат лисната маса", објаснува Анастасов. Тој го употребил препаратот „Acrobat" против пламеницата, а против сивото гниење и пепелницата употребил систематски препарати („Collis", „Indar", „Vivando") од програмата на BASF. Шери-доматите ги наводнува со систем капка по капка затоа што тие бараат многу вода. Прихранувањето го врши со кристални ѓубрива, а резултатот се квалитетни плодови. Приносот на шери-доматите е поголем отколку на обичните, вели Анастасов. ■



Шери-доматите имаат многу специфичен сладок вкус поради високиот процент на гликоза и фруктоза, а изобилуваат со антиоксиданси, пигментот ликопен, а каротинот им дава исклучителна хранлива вредност.



Анастасов доматите ги продава во мала пластична амбалажа.



Шери-доматите може да се чуваат до три недели.

# Од еден декар – пет тона принос

**„За корнишоните е карактеристично тоа што тие за берба стасуваат многу брзо, односно за 20 дена започнува бербата, што значи дека секоја година на 1 септември почнуваме да береме за продажба", вели Ронче Трајковска**

Пишува: Љубинка Дивјакоска

Вишни, лозје, житарки, грав, праз, зелка и корнишони. Сето ова може да се види на трите хектари површина којашто ја обработува семејството Трајковски од струмичкото село Градошорци. Она што е карактеристично за нив се корнишоните. На четири декари под пластеник произведуваат рани краставици од сортата „сандра" и есенски кратки краставици, корнишони од сортата „пасамонте".

Корнишоните се садат на 25 јули во палети исклучително со хумус. Додека семето се наоѓа во палетите, потребно е добро проветрување бидејќи, во спротивно, поради високите температури, расадот би изгорел.

„Од 5 до 10 август се расадуваат во пластениците на раздалеченост помеѓу корените од 35 до 40 см, а меѓу редовите се остава простор од 80 см. Во еден декар влегуваат од 3.000 до 3.500 корени. По расадувањето многу битно е наводнувањето.

За корнишоните е карактеристично тоа што тие за берба стасуваат многу брзо, односно за 20 дена започнува бербата, што значи дека секоја година на 1 септември почнуваме да береме за продажба", вели Ронче Трајковска.

Овие растенија се најчеста жртва на пепелница, медовина, пламеница. Поради тоа тие мора да се прскаат со хемиски препарати на секои седум дена.

„Корнишоните даваат добар принос. Од еден декар се вади принос од околу пет тона", велат Ронче и ЈорданТрајковски.

Родот го продаваат на откупни пунктови и на зелените пазари во Струмица, но велат дека откупната цена е ниска кога ќе се направи споредба со трошоците кои се прават за одгледување. ■





*Од 5 до 10 август се расадуваат во пластениците*



*Сорта „пасамонте"*

# Температурата и за здрав

**Во интензивното производство производителите користат современи објекти со строго контролирани услови на чување. Единствено така можат да бидат сигурни дека пласманот на нивното производство нема да зависи од моменталната цена на пазарот и продажбата ќе ја извршат кога ќе им одговара продажната цена**

Пишува: Стојан Глигоров, дипл. инж. агроном



*Оптимална температура за чување 10°C влажност околу 90%*



*Морковот може да се чува во ладилници при висока релативна влажност од 96 до 100% на температура 0-1°C*

Целта на чувањето на зеленчукот и овошјето е тоа да се користи или консумира во свежа состојба во што подолг временски период. Подолгото зачувување во свежа состојба на овошјето и зеленчукот овозможува поголема конкурентност на пазарот во текот на целата година и го намалува сезонскиот карактер на производство и продажба. Затоа е многу важно да се намалат загубите уште во текот на бербата, правилно да се пакува зеленчукот и да се складира во најоптимални услови, така што во текот на чувањето промените врз самиот плод да се сведени на минимум, а со тоа ќе се остварат поголеми добивки.

Поради тоа начинот на чување и одржување на зеленчукот и овошјето е една од многуте важни и приоритетни цели во целокупното производство со цел да се задржи квалитетот и количеството и тоа да се пласира за подолг период до определени дестинации каде што ќе се остварат повисоки цени, што се подразбира кога одреден производ е баран на пазарот, а го нема во доволни количества.

Должината на квалитетот и чувањето на зеленчукот зависат од условите пред почетокот на бербата, во текот на бербата, па сè до сортирањето, пакувањето и самиот процес на чување. Начинот на чување зависи од тоа за каков зеленчук се работи:коренесто-кртолест (морков, цвекло, пашканат, ротквица, компир),луковичест зеленчук (кромид, лук, праз), лиснат зеленчук (марула, спанаќ, карфиол, зелка, брокула), домат, пиперка, краставица, лубеница, боранија, грашок итн.

Порано (а делумно и сега) најчесто се користела класична технологија на чување на зеленчукот и негово одржување и ладење. Многу ретко се користеле или немало можности за одржување во контролирани услови за разладување и одржување. За разлика оттогаш, сега постои голем интерес за изградба и набавка на опрема со која може да се обезбеди контролирана атмосфера за чување и одржување на зеленчукот. Не можеме да не спомeнеме дека за набавка на таквата опрема сега земјоделците се потпомогнати и од ИП-АРД претпристапните фондови кои се реализираат преку одредени мерки од страна на МЗШВ.

**КОМПИР** - како култура обично се чува во период од 6 до 10 месеци и тоа во современи објекти коишто се специјално градени и опремени. Меѓутоа се среќава и чување во подрумски простории, шупи и простории кои не се адекватни за одржување и притоа загубите се многу големи, дури и до 20%, а временскиот период на чување е пократок, 3-5 месеци. Во текот на чувањето мора да постои вентилација која ќе ја редуцира концентрацијата на јаглерод диоксид и површината на компирот треба да остане сува.

# влажноста пресудни
# зеленчук



*За да се одржи во свежа состојба, се чува на многу ниска температура (0-5°C) и висока релативна влажност (90-95%)*



*Постојат нормативи кои ги одредуваат параметрите за чување – температурата, релативната влажност*

Оптималната температура за чување на компирот за меркантилна употреба е околу 10°C, а за семенска употреба е 2-4°C и влажност околу 90%. Овие услови се постигнуваат во разладни комори во кои температурата варира во зависност од тоа кој производ се чува: ако е луковичест зеленчук, потребна е температура од 0°C, за лиснат зеленчук, зелка, коренест зеленчук 8-10°C, за пиперка, домат, модар патлиџан 10-15°C, исто како и за краставица, лубеница. Зеленчукот главно е сместен на палети, а помеѓу нив се остава простор за слободна циркулација на ладниот воздух.

**КРОМИДОТ** може добро да се сочува и складира, ако вадењето биде во вистинското време или кога ќе ја достигне полната зрелост. Во таков случај постојат стандарди за квалитет со чија примена се постигнува најдобар ефект. Така, во текот на вадењето мора да биде потполно зрел и потребно е надворешните листови да бидат суви за да во текот на чувањето не дојде до промена на бојата на месестиот дел. При вадењето мора да се изврши сортирање, т.е. издвојување на ситните главици, оштетените, примеси од земја, грутки. Потоа се полни во вреќи, картонски кутии, контејнери итн. Складирањето и чувањето на кромидот е со цел да се продолжи периодот на чување и да се минимизира загубата. Постојат нормативи кои ги одредуваат параметрите за чување – температурата, релативната влажност и времетраењето.

**ЦВЕКЛОТО** се одгледува најмногу во источна и централна Европа. Се дели на сорти: рани – до 100 дена, средностасни – од 100 до 130 дена и доцни – над 130 дена. За да се одржи во свежа состојба, се чува на многу ниска температура (0-5°C) и висока релативна влажност (90-95%). Значи, најповолни се условите кога температурата е 0°C, а влажноста на воздухот 95-100%. Се чува 3-5 месеци, но може и 6-8 месеци ако условите во складиштето се оптимални. Со покачување на нивото на $CO_2$ се забавува процесот на гниење. Можноста за подолго чување на цвеклото е условена и од сортата, големината на коренот, содржината на суви материи, технолошката зрелост и условите на чување. Дехидрирањето на коренот може да се намали ако влажноста на цвеклото и влажноста на воздухот е помала. Со чувањето на цвеклото во подрумски и неадекватни простории по 2-3 месеци содржината на бетанин се намалува, а со чување околу шест месеци тоа може да се намали и до 10%. За домашна потреба и помало количество на преработки, од голема важност е чувањето во простории и објекти како што се трапови, подруми, магацини, каде што условите за регулација се тешки. Ако се чува во подрумски простории, цвеклото треба да биде разредено, да не е на големи купови и температура да биде над 0°C. Во вакви услови може да се чува до три месеци, се разбира, ако се одржува и влажноста за да не дојде до дехидрирање на коренот.

**МОРКОВ** – Технолошката зрелост настапува кога најстарите листови почнуваат физиолошки да изумираат. Од технолошката зрелост на морковот зависи и должината на чување, интензитетот на венење и гниење во текот на чувањето. Бербата на морковот во текот на октомври е наменета за подолго чување и дава добри резултати ако температурите не се веќе многу ниски, а растенијата се во добра состојба. Морковот може да се чува во ладилници при висока релативна влажност од 96 до 100% на температура 0-1°C во текот на 4-5 месеци. Млад и недоволно зрел морков може да се чува 4-6 недели на температура од 0°C, ако претходно е извршено предладење. Морков во везаници со листови се чува три недели на 0°Ц или во текот на 10 дена на температура од 5°C. Морковот може да се чува заедно со други растителни видови, како што се: цвекло, зелкови култури, праз, салата. Може да се чува во подземни и надземни трапови. При трапењето помеѓу корењата може да се стави ситен и влажен песок кој го спречува ширењето на болестите и испарувањето на влажноста.



# Од 1 декар

## За во пластеници Гоневи го користат семето „паланечко чудо“, а за на отворено користат домашно семе оставено од минатата година

Пишува: Весна Деловска

На десет декари површина брачниот пар Гоневи од струмичкото село Добрејци одгледуваат пиперка од сортата „куртовска капија“, на три декари под пластеници и седум декари под отворено.

Она што ги мотивирало Маријан и Силвана да се занимаваат со земјоделство (и тоа многу успешно) е желбата да се произведува и да се биде репер во регионот. Гоневи често пати знаат да кажат дека климатските услови во нивниот крај се на нивна страна, но големо влијание имаат и нивните родители од кои ја наследиле љубовта и посветеноста кон земјоделството и традиционалното производство.

Брачниот пар Гоневи, за „Моја земја“, ја открија својата тајна на одгледување на „куртовската капија“.

**Расад на „куртовска капија“**

Семето „паланечко чудо“ Гоневи го набавуваат од земјоделски аптеки и тоа е наменето за во пластеници. Маријан и Силвана за на отворено користат домашно семе оставено од минатата година. Семето го сеат во периодот од 15 до 20 март и додека да никне расадот секојдневно го наводнуваат околу 15 до 20 дена.

Производството на расадот е во густи леи и се третира со хербициди еднаш до два пати. По 15 мај се расадува.

Растојанието на садење е 20-25 см од корен до корен во редот, а меѓу редовите е 40-45 см.

**Наводнување**

Во текот на вегетацијата се потребни 7 до 8 наводнувања на површините на отворено, а во пластениците Гоневи наводнувањето го вршат со помош на систем капка по капка и тоа во просек до десет пати. Големо влијание кај наводнувањето имаат временските услови.

Ѓубрењето на почвата започнува со основно ѓубрење (три петнаесетки) на целата површина пред расадувањето (40-50 кг на декар).

Во пластениците Гоневи ставаат кристално ѓубре во системот за наводнување, а на отворено се става гранулирано ѓубре и тоа во заштитен простор 20:20:20 (три дваесетки), а на отворено „Кан“ и „Уреа“.

**Обработка и берба**

Прашењето и копањето се извршува три пати до бербата, додека врзувањето во пластениците се одвива 30-40 дена по расадувањето со цел да не се дојде



# до 4 тона пипер

до раскршување на корењата. Оваа операција не се применува на отворено.

Бербата на „паланечко чудо" започнува од 20 август и трае до крајот на септември. Карактеристично за оваа сорта е тоа што таа многу брзо созрева за разлика од домашното семе кое започнува да се бере некаде од 20 септември, па сè до првата слана или до првите есенски мразеви.

Пиперките за преработувачките капацитети Гоневи ги пакуваат во мрежести вреќи, додека првата класа која е наменета за извоз се пакува во картонска амбалажа.

Кај производството на отворено од 1 декар се очекува 2-3 тона пипер, додека во пластеник производството е значително поголемо и се движи од 3,5-4 тона по декар.

Цената за килограм индустриски пипер се движи од 12 до 14 денари, додека цената за првата класа се движи од 18 до 20 денари. Оваа пиперка, како што велат Гоневи, е наменета за извоз во Русија и Бугарија.

Гоневи се задоволни од квалитетот и од производството оваа година, но сметаат дека цената е ниска.

„За разлика од 2008 година, кога килограм индустриска пиперка се продавал за 28 до 30 денари, овогодишните цени се далеку пониски и се движат од 18 до 20 денари за килограм, а трошоците за производство се високи", велат Маријан и Силвана Гоневи. ■




## СЕКОЈ ДОБИВА

За секоја годишна претплата на списанието **Моја Земја** во износ од 550 денари добивате подарок:

12 списанија за 2010 година

ПТТ Трошоци за достава на домашна адреса

Подарок батериска ламба со 7 ЛЕД диоди




+



+



= 550 денари

| | | | |
|---|---|---|---|
| Регинален центар Битола<br>ул.Јосиф Јосифовски бр.28<br>во близина на Главната пошта<br>Тел: 047 225 635 | Регионален Центар Кочани<br>ул.29 Ноември бб<br>во близина на Автобуската станица<br>Тел: 033 278 475 | Регионален центар Струмица<br>ул.Васил Сурчев бр.17<br>Тел: 034 340 425 | Регионален Центар Гостивар<br>ул.Беличица бб (ИКЛ Горни полог)<br>Тел: 042 218 157 |

# Климатските промени го намалија приносот



## Наглите временски промени го намалија приносот на компирот за 50 отсто. Најкатастрофални се приносите во планинските делови

Пишува: Даниела Такева

Тешка година за производителите на компир во Малешевијата. Фармерите велат дека најголем проблем оваа година направија климатските промени кои се причинители на болестите и неподготвеноста на земјоделците за спроведување соодветна заштита. Овие проблеми ќе го намалат приносот на овој познат бренд на Малешевијата за 50 отсто. Најкатастрофални се приносите во планинските делови.

Еден од големите производители на компири во Беровско, 42-годишниот агроном Бранко Лапевски од Владимирово, вели дека земјоделците не биле подготвени за ваква година.

„Оваа година имавме многу проблеми со климатските промени кои негативно влијаеја на компирот. Во првиот период на растењето на компирот имавме многу дождови кои придонесоа да се јават болести. Потоа, имаше обратна ситуација, високи температури и долготрајна суша, која придонесе родот да се сведе на минимум. Има случаи во планинските места каде што површините воопшто не се третираат со заштитни средства, па се јави епидемија на пламеница и гниење на стеблото на компирот. Ако годишно во Малешевијата се произведуваа 4-5 илјади тони компир, годинава ќе бидеме среќни ако извадиме две илјади тони", вели Бранко Лапевски.

Тој се надева дека годината цената ќе биде подобра од минатогодишната.



Екипата на „Моја земја" го затекна Бранко на нивата каде што ја подготвуваше машината за полесно да го извади од земја годинашниот род. За годинава очекува принос како и ланскиот, околу 100 тона. Штетите од невремето кај него се минимални бидејќи производството на шест хектари површина било во полски услови. Оваа година засадил порани сорти, „маделине" и „артемис", кои во овие услови дале средни резултати.

„Лани беше катастрофа, цената беше 6-10 денари. Во последните 20 години многу работи се променија. Цената на нафтата, на репроматеријалите и на земјоделската механизација, сè се смени, само цената на компирот не е сменета. Во 1991 година таа беше 10 денари и сега е пак 10 денари. Тоа е ниска цена за нашето производство. Реалната откупна цена на големо, според квалитетот, треба да биде од 13 до 15 денари за килограм. Со таа цена би биле задоволни, затоа што истиот компир што од кај нас се зема за 8 денари, во Скопје се продава за 25 денари, а производителот со осумте денари нема никаква добивка", вели Лапевски.

Екипата на „Моја земја" го остави Бранко да си ја заврши работата на нивата, откако го праша - која е тајната на вкусот на малешевскиот компир. Ни одговори: едноставно - чистата земја, чистиот воздух и малешевската планина го даваат вкусот на овој бренд за кој една деценија наназад нема организиран откуп ниту извоз.■





ProCredit Bank




# КРЕДИТ ЗА АГРОМЕХАНИЗАЦИЈА

Во соработка со сите дилери на механизација:
Синпекс-Битола, Евростил-Битола,
Агровојводина-Скопје, Еурополог-Тетово,
БД Интеркар-Скопје, Хемометал-Битола.



- ПОВОЛНИ УСЛОВИ
- МИНИМУМ ДОКУМЕНТАЦИЈА
- БРЗА ПРОЦЕДУРА

02 / 2446 000



# Правилно складирање на јаболката

**Болестите во плодочувалиштата се многубројни и разновидни. Ги предизвикуваат дискретни и најчесто невидливи паразити кои потекнуваат од разни растителни органи на коишто презимуваат**

Пишува: Ламбе Куциноски, дипл. инж. агроном

Целта на чувањето на овошјето е да се сведе на минимум животниот процес на плодовите и со тоа да се продолжи нивната трајност. Зимските сорти јаболка и круши чувани во плодочувалиштето постепено дозреваат и притоа го добиваат карактеристичниот вкус за сортата. Трајноста на чуваните плодови зависи од многу фактори, пред сè, од интензитетот на процесите кои се одвиваат во плодовите – транспирацијата, дишењето, од физиолошките особини на плодот, од степенот на зрелоста при берењето, а во голема мера зависи и од примената на агротехниката во овоштарникот. Плодови добиени од овоштарник одгледуван под угар, како чиста култура, подобро се чуваат отколку од овоштарник одгледуван под заледината површина. Еден од важните фактори кои го утврдуваат времето на чување на плодовите се и еколошките услови во регионот. Јаболката произведени во еколошките услови во Охридско-струшко-преспанскиот регион подобро се чувани од плодовите од истите сорти произведени во еколошки услови на Скопската котлина и сл.

## Оптимални услови за чување на одделни видови сорти

Условите кои ги смалуваат физиолошките процеси на плодовите и помагаат за одржување на нивниот квалитет за максимална должина на траење (чување) се сметаат за оптимални. Интензитетот на биохемиските процеси на чуваните плодови главно зависи од температурата и од релативната влажност на воздухот во плодочувалиштето, што значи дека квалитетот на чуваните плодови ќе зависи од споменатите фактори и сортните особини. Во исти услови на чување различни сорти различно се однесуваат. Поради тоа постојат и различни плодочувалишта во кои се обезбедуваат оптимални услови за чување на одредена сорта.

Постојат обични плодочувалишта во кои не се вградени уреди за регулирање на топлотниот и режимот на влага во просторијата. Во нив можат да се чуваат некои зимски сорти јаболка и круши и подолго време (3-5) месеци, а притоа да не се изгуби од квалитетот на чуваното овошје. Денес постојат плодочувалишта – ладилници во кои има контролирана атмосфера. Сортите од одделни овошни видови кои имаат поголеми барања во поглед на условите за чување можат долго време да бидат чувани во вакви услови, а притоа да не изгубат од својот квалитет. Во ваквите плодочувалишта – ладилници се внесуваат само здрави и чисти плодови коишто се класирани, со што се врши и рационално користење на коморите и енергијата за ладење на просторијата и плодовите, а регулирањето на температурата се врши зависно од принципот на кој работат компресорите. Ладилниците можат да бидат со различни капацитети зависно од потребите. Тие се обично составени од повеќе комори каде што се чува овошјето, машинското одделение и машините и уредите за класирање и пакување. Зимските сорти јаболка и круши се чуваат при температура од еден до три степени и 85-90% влажност на воздухот. Кога плодовите се чуваат три, четири до пет месеци, загубите во тежина (кало од транспирација) не се повеќе од 2-4% наспрема 15-20% како од плодовите од истите сорти чувани во обични плодочувалишта.

## Габични заболувања кај јаболката

Болестите во плодочувалиштата се многубројни и разновидни. Ги предизвикуваат дискретни и најчесто невидливи паразити кои потекнуваат од разни растителни органи на коишто презимуваат. Нивниот развиток се карактеризира со рана контаминација, следена со латентен живот во кој не можат да се откријат симптомите.

**Поважни болести предизвикани од габи**

Горчлива гнилеж (penicillium ehp.)

Оваа габа претставува главен проблем при чувањето јаболка во ладилниците. Паразитот се населува во текот на вегетацијата – пред бербата. Симптомите во ладилникот се јавуваат кон крајот на јануари и траат сè до крајот на чувањето. Симптомите се манифестираат во вид на темнокафеави аглести дамки.

Внатрешноста на плодот има светлокафеава боја, омекнува и има горчлив вкус.

Воловско око (Pezicula mal)

Паразитот е најчесто на плодот на јаболката. До инфекција доаѓа преку отворени рани или ленти целите. Нападнатото ткиво покрај крастата е потемно, додека централниот дел има светлокафеава до жолтеникава боја и личи на воловско око. Брзо се шири по здравите плодови.

Меко гниење

Ова е болест на плодовите на јаболката во плодочувалиштето. Најчесто нападот доаѓа на местата на повреди од инсекти, гребнатинки и удари при манипулацијата со плодовите. Бојата на гнилежот е најпрвин посветла, а подоцна потемнува до темнокафеава.

Кафеаво гниење на плодот (monilija fructigena).

Ова е паразит на рани и оштетувања од инсекти, град итн. На повисоки температури во ладилникот лесно се пренесува од болни на здрави плодови. На лушпата на плодот се развива кафеава дамка под која месото е темнокафеаво. Дамката се шири и набрзо го зафаќа целиот плод. На плодот се создаваат концентрични жолто-сиви перничиња кои, всушност, се извори на зараза во ладилникот.

Краставост на плодовите (venturia inaegualis)

Болеста се развива во овоштарникот, а инфицираните плодови се внесуваат во ладилниците каде што се шири болеста и на здрави плодови. Се јавуваат црни дамки на лушпата во вид на красти, симптоми кои значително ги намалуваат вредностите на плодовите.

Модра мувла (Botritis cinerea)

Оваа габа е паразит на отворени рани на плодовите јаболка. Често предизвикува штети во овоштарникот каде што обично се шири, меѓутоа во ладилниците предизвикува гниење на целите плодови. Лесно се пренесува и на здравите плодови.

Покрај спомenатите, постојат и други габи кои придонесуваат за расипување на плодовите во ладилниците.



*Botritis cinerea*





*monilija fructigena*



*venturia inaegualis*

# 8 хектари култивиран



## Посериозен род се очекува од петтата година, а враќањето на инвестицијата доаѓа од седмата година, кога почнува и полната зрелост

Пишува:Македонка Балдазарска

На 820 метри надморска височина, меѓу Караорман и Илинска планина, во срцето на Долна Дебарца, на осум хектари се зеленеат грмушките од 4.500 лешници.

Насадот со ова јаткасто овошје е подигнат според програма со пропишани стандарди. Програмата за потребите на фирмата „Меланокарпа-плава храна" од Скопје ја подготвиле професорите Тошо Арсов и Раде Русевски, подоцна и проф. д-р Марјан Кипријановски.

Приказната за подигањето на култивиран насад со лешници започнала во 2005 година, вели Ацо Николовски, сопственик на „Меланокарпа-плава храна", кога всушност и бил потпишан договорот за негово подигање. „Првично размислував за лозов насад со цел да направам и мала винарска визба, но добив концесија на 30 години на оваа земја за која стручните лица утврдија дека е погодна за пет култури: капина, малина, аронија, модра слива и лешник. Посетив повеќе светски земјоделски саеми: „Фрут логистика", „Зелена недела" во Берлин, потоа во Келн, Нирнберг, Париз. Решив тоа да биде лешник, затоа што како култура стои подолго, иако бев свесен дека е во прашање голема инвестиција, дека е потребен долг период до пароодување, шест години додека да почне економската исплатливост", раскажува Николовски, кој додава: „Очекував дека по мојот пример ќе тргнат и многу други, па овде лево и десно од мене ќе се простираат плантажи со исто или друго овошје, меѓутоа и по пет години, во околинава никој не започна слична работа".

**Трошоци за подигање на насадот**

Според Програмата, за подигање на еден хектар со лешници биле предвидени 10.000 евра. Меѓутоа, сопственикот тврди дека таа инвестиција е поголема дури за три пати. Искуството покажало дека одредени мерења предвидени со Програмата се хипотетички. На пример, дека водениот столб на годишно ниво е околу 800 до 900 милиметри, поради што и не бил пресметан трошокот за системот капка по капка, за чиешто организирање сопственикот носел вода во должина од 3,5 km. Во таа сума не било предвидено ниту оградувањето, редовното ангажирање на тројца работници кои работат на плантажата преку целата година. „Овоштарникот е фабрика без покрив и не знаеш дали преку годината ќе ти требаат две или пет прскања. Ако е влажно, ќе треба повеќе прскање. Сега годишно два пати се ора, а бидејќи лешникот е како грмушка со шест родни гранки, кроењето следува по оформувањето на дрвото. До лани, па и годинава, ги вадевме зелените плодови за да расне лисната маса, да не ја зема силата на дрвата. Средината, меѓу гранките, треба да биде осветлена за да не кондензира", објаснува Николовски.

Насадот со јаткастите грмушки е четиригодишен, меѓутоа една година пред посадувањето интензивно се подготвувала почвата. Чистење на тлото, испитување на физичкиот и хемискиот состав на земјата, риголовање, сидерација со посадување на сточен граор, овес и јачмен, па потоа нивно заорување во земјата и, секако, претходно растурање на 300-400 кубика арско ѓубре. Оптимално, дрвцата се садат на растојание од 4x4 метри, односно 625 дрвца на 10.000 квадратни метри, односно на еден хектар, иако има и отстапувања. Нашиот соговорник објаснува дека посериозен род се очекува од петтата година, а враќањето на инвестицијата доаѓа од седмата година, кога почнува и полната зрелост која трае следните 15 до 18 години.

Најголем непријател на лешникот, на светско ниво, е верверицата, која е заштитена со закон. Но, за среќа, во овој крај нема верверици, затоа што има орли...

**Заштита**

Сè што е култивирано од страна на човекот мора да се заштити, смета Николовски. „Имаше полемика со професорите. Тие беа со став дека тоа е диво растение кое не треба да се третира со заштитни препарати. Јас сега велам дека треба. Тие ја имаат теоријата, но практиката е веќе на моја страна. Прво, во почетокот на вегетацијата, во пролет, мора да се прска против црвениот пајак и

# плантажа со лешник

гасеницата. Потоа следува превентивно третирање со фунгицидите „сигнум" или „беномил" против сивото гниење и пепелницата. На лешникот му треба големо и континуирано количество храна затоа што има плитка коренова маса, жилите се до 50 см длабочина и нема главен корен. Па, така, ако на пример, јаболкото бара 1,5 кг комбинирано ѓубриво на корен, истото важи и за лешникот, плус арско ѓубре наесен и во мај. Тоа не е запишано, ама видов во Шпанија и ако барам енормно количество на родност, треба и големо количество на ѓубре. Годишно трошам 4.000 до 5.000 кубика индустриска вода, односно секое дрво бара околу 1.000 литри вода годишно.

**Пречки**

Проблем за непречено функционирање на овоштарникот претставува немањето електрична енергија и процедурата за добивање дозвола за дупчења за вода. Николовски забележува дека домашните инвеститори се во нерамноправна положба во споредба со странските. За нив државата ги обезбедува сите инфраструктурни потреби, а нашите инвеститори се препуштени самите на себе. Конкретно, тој за да донесе струја во должина од 1.200 метри од Ботун до плантажата треба да вложи 70.000 евра. „А за да не зависам од водната заедница, дали има или нема вода, ми треба дупчење, за што треба да аплицирам во Фондот за води на РМ. За тоа е потребен проект кој треба да помине подолг процедурален пат од локалната управа до јавен повик, а за нас, овоштарите, времето е кратко, веднаш треба реакција. Порано, преку Уредбата за директно финансирање на правни и физички лица, тоа одеше многу побрзо".

За да се поттикне подигањето на овошни насади или други работи кои треба да го подигнат нивото на селскиот туризам, нашиот соговорник смета дека не е одговорна државата, Владата, Министерството за земјоделство, туку проблемот го лоцира во банките. „Ние немаме кредитни банки. Кога банките ќе одобруваат кредити со каматни стапки од 2,5% или 3,85% на 20 до 30 години, тогаш може да се раззеленат напуштените падини, села, па и запуштените родни полиња. А како што сега стојат работите, со камати од 7 до 10% и без грејс-период, враќање на инвестицијата за две години, нашите банки претставуваат само прототип на лихварски куќи", констатира Николовски. Тој забележува и дека средствата од Земјоделскиот кредитен фонд засега можат да се користат исклучително за нова механизација, што според него, е погрешно. Земјоделските површини во Македонија се премногу парцијализирани за земјоделците да си дозволат да купат „Џон дир" од 30.000 евра. „Велам дека ние и старата механизација не можеме да ја искористиме, а камоли да донесеме нова. Затоа би било пожелно кредитирање на стара механизација", предлага Николовски.

## Традиционален начин на сушење

Лешникот се собира кога влажноста е 50%, а треба да се исуши и да постигне влажност од 7 до 9% за да дојде во фаза на кршење. Состојките и квалитетот на лешникот во споредба со турскиот засега се многу подобри за што многу придонесуваат и поголемата застапеност на сончеви денови и влажноста на почвата. Ова овошје има енергетска вредност од 668 kcal/100 грама,14,7% протеини, 54,5% масти, 19,3% јаглехидрати, 7,3% целулоза и одлични минерални вредности: калиум 725 мг/100 г, натриум 14,5 мг/100 г; калциум 12,5 мг/ 100 г и магнезиум 116,25 мг/100 г.





Ова е единствениот насад во Европа на којшто секое дрво има по две јутени, конопни вреќи за да се спречи испарувањето и да се заштити од трева.



На плантажата со 4.500 лешници доминира сортата „римски", која е застапена со 75%, а другите 25% се посадени со уште четири паралелни типови, потребни заради опрашување. Тоа се сортите: „давијана", „лудолф", „јаглито", „хале".

# Коњското опавче отров или лек

**Коњското опавче и блатната пршлика содржат повеќе отровни материи: алкалоидот еквизитин, никотин и триметоксипиридин и предизвикуваат труење кај коњот, кобилата, ждребето, говедото, телето и овцата при консумирање на исушено сено**

Пишуваат: м-р Елизабета Мискоска-Милевска, асистент на ФЗНХ
д-р Лефтерија Станковиќ, вонреден професор на ФЗНХ


*Коњско опавче*

Папратите Equisetum arvense L. (коњско опавче, полска пршлика) и Equisetum palustre L (блатна пршлика) припаѓаат на фамилијата Equisetaceae (надавки). Коњското опавче е скоро неискоренлив плевел, многу распространет, посебно на милеста и кисела почва, каде што често расте масовно. Расте по полиња, ливади, покрај патишта, железнички пруги, на необработливи места, на влажни места, покрај реки, бари, насипи итн., од низини до планински предели.

Блатната пршлика често се среќава на калливи места, влажни пасишта и ливади, од морските брегови до планинските предели.

**Опис на растенијата**

Коњското опавче е повеќегодишно растение со многу разгранет изданок од кој секоја година се појавуваат два вида на стебла – фертилно и стерилно. Фертилното стебло се јавува многу порано од стерилното, во март и април. Тоа е неразгрането, со висина од 10 до 30 см, сочно, со светлокафеава или црвенкаста боја. На врвот формира спороносен (спорофилен) клас, кој носи спори. Сите спори се исти, по боја се зелени, со топчеста форма. По должината на стеблото се наоѓаат 4-6 лисни ракавци со 8-12 запци. Откако спорите ќе се расеат, фертилното стебло изумира, а ризомот образува друг вид на стебло – стерилно (вегетативно). Тоа е високо 10-80 см, по боја е зелено, повеќекратно пршленесто разгрането, со гранки ориентирани нагоре, така што потсетува на мал бор. Врвот на стеблото не е разгранет. Подземниот дел на ова растение е претставен со силно разгранет ризом, кој продира длабоко во земјата. Преку зеленото стерилно стебло, ризомот се снабдува со резервна храна, која идната пролет се користи за развиток на фертилниот изданок.

Блатната пршлика е повеќегодишно растение како и коњското опавче. Расте во висина од 20 до 60 см. Фертилните и стерилните изданоци се исти, зелени, и се јавуваат истовремено. Изданоците се исправени, најчесто неразгранети, зелени по боја, а ракавците се сјајноцрни. Спороносниот (спорофилниот) клас е долг 3 см, со црновиолетова боја.

**Коњското опавче како храна и лек**

Фертилното стебло на коњското опавче се употребува во исхраната, но претходно треба да се отстрани ракавецот и спороносниот клас. Богато е со витамин C и претставува многу популарно јадење во Јапонија и Русија, а во Европа многу малку се знае за неговата употреба во исхраната. Стерилното стебло не се користи во исхраната, но се користи во медицината како диуретик (поради присуството на сапонини), влегувајќи во составот на диуретските чаеви. Исто така, се користи при лекување на туберкулоза и бронхитис. Поради големата содржина на кременска киселина се употребува за чистење метали и за полирање. Се користи и како средство за боење.

**Труења кај домашните животни**

Коњското опавче и блатната пршлика се отровни растенијата поради тоа што содржат повеќе отровни материи: алкалоидот еквизитин, никотин и триметоксипиридин. Содржат и флавоноидни соединенија како еквизетрин. Штетни се во свежа состојба и исушени во сено.

Забележани се труења кај коњ, кобила, ждребе, говедо, теле и овца при консумирање на исушено сено кое содржи коњско опавче и блатна пршлика. Овие труења се најчести во зимскиот и пролетниот период, кога животните се хранат со сено. Коњите ги избегнуваат зелените растенија на паша, но говедата, кога е суша, ги јадат поради што може да се затруе цело стадо.

**Знаци на труење со коњско опавче**

Кај коњот по периодот на мирување од просечно 20-30 дена, колку што е потребно да се блокираат и потрошат залихите на витамини во телото (во зависност од процентуалната застапеност на пршликата во сеното, односно во зобта), се забележува брзо оштетување на нервниот систем, поретко со хроничен тек. Синдром на општа преосетливост на видни, слушни и допирни дразби, со непоматена свест, хипертензија на кожата и периферните нерви, појачани рефлекси, општа моторичка раздразнетост,


*Блатна пршлика*

грчеви на мускулите, конвулзии (грчеви), некоординираност, тетеравење, паѓање, неспособност на животното да стане. Поретко се јавува нецелосна или целосна парализа, забавена срцева работа и склоност кон снижена телесна температура, а во понатамошниот тек на болеста, слабост на срцето, нарушување на видот, што резултира со плашливост и нарушена способност за адаптација на темно. Доколку не се промени храната, животното од општа изнемоштеност се свиткува за две до три недели. Штом ќе се смени исхраната, понекогаш заостанува оштетувањето на скелетната мускулатура.

Труењата кај говедата со блатна пршлика се поединечни и ретки. Кај говедото, неколку часа откако ќе изеде поголемо количество на полска пршлика, се јавуваат грчеви, стенкање, рикање, ококорени очи, млитавост, а потоа и пренапрегнатост на чкембето и смрдлив пролив.

### Знаци на труење со блатна пршлика

Кај коњот се забележуваат истите знаци на труење како со коњско опавче, но периодот на мирување е пократок, симптомите се развиваат побрзо и се многу потешки, а текот на труење е брз.

Говедото, по неколку дена мирување, има намалена молзност, немирно е, раздразливо, тромаво и несигурно во одењето, се тетерави, има тешкотии при станувањето и легнувањето, прогресивна слабост до привидна одземеност. Доколку продолжи да се храни со пршлика, често следи тврдокорен пролив, со слабеење и неплодност (можни се и абортуси), а на крајот завршува со одземеност и смрт.

Кај телињата се забележува силно потење, отежнато движење, отсуство на апетит, смрдливи фекалии. Животното има проблеми со движењето, паѓа, не може да стане, а на крајот лежи како во кома. Овците се помалку осетливи.

### Патолошко-морфолошки промени со коњско опавче и блатна пршлика

Кај коњот се јавуваат оштетувања во големиот и малиот мозок, исчезнување на ганглиските клетки. Помали се оштетувањата на црниот дроб и срцето.

Доколку навремено се промени храната, загубите се незначајни, но закрепнувањето на животните е долго.

Ветеринарите препорачуваат затруените коњи со коњско опавче и блатна пршлика да бидат третирани со витамин B1 во мускул или вена; сув квасец во храната; зоб во зрна како цврста храна. При полесни труења, говедата не се лекуваат. При тешки труења се третираат со сув квасец, витамин B1 мускулно или венозно.■






# Со агрохемиска анализа и ѓубрење до квалитетна пченица

Пишува: проф. д-р Видоја Трпевски,
експерт за плодност на почвата и ѓубрива

**Состојбата на почвата со азот, фосфор, калиум и други елементи се добива исклучително со агрохемиска анализа.**

Значајна агротехничка мерка за производство на пченица е есенското ѓубрење. Многу е важно кое ѓубриво ќе се употреби и колкаво количество на единица површина ќе се употреби. Видот на ѓубривото и количеството мора да бидат соодветни на состојбата на плодноста на почвата со основните хранливи елементи: азот во достапни форми, фосфор и калиум, исто така, во достапни форми за растенијата.

Состојбата на почвата со азот, фосфор, калиум и други елементи се добива исклучително со агрохемиска анализа. Овие анализи се изведуваат еднаш на секои четири години, а не секоја година. Врз основа на резултатите од анализите се изработува ПРОГРАМА за ѓубрење. Програмата може да претрпи мали корекции во четирите години ако се одгледува монокултура пченица (што не е пожелно), но ако има ротација на културите, тогаш се прави ПРОГРАМА за соодветната култура и се регистрираат приносите и масата на „извлечени" азот, фосфор, калиум и слични елементи од почвата, изразено во кг/ха и таа маса се враќа во следното есенско и пролетно ѓубрење.

Кога станува збор за агрохемиска анализа на почвата, да истакнеме дека има три вида на анализа на параметри:

1) првична анализа со параметрите: азот, фосфор, калиум, pH-реакција на почвениот раствор, хумус и карбонати;

2) проширена листа на анализи – освен првичните, се прават анализи и на калциум, магнезиум и сулфур;

3) комплетна длабинска анализа на почвата во којашто влегуваат првите две плус микробиогените хемиски елементи: железо, манган, цинк, бакар, бор и молибден.

Агрохемиските анализи мора да се изведуваат во компетентни лаборатории каде што има стационирана соодветна опрема и прибор. Анализите мора да се квантитативни, а не квалитативни, односно „описни", на база на боење на почвениот раствор.

Кога имаме на располагање квантитативни агрохемиски анализи на почвата со коментар на резултатите и ПРОГРАМА за ѓубрење со потпис од агрохемиската лабораторија од компетентно лице, се пристапува кон набавка на соодветно минерално ѓубриво.

Листата на минерални ѓубрива е мошне голема. Само N-P-K комбинации има преку 30 плус поединечни: азотни, фосфорни, калиумови, калциумови и други ѓубрива.

Поделбата на N-P-K е извршена зависно од времето на примена: N-P-K за основно есенско претсеидбено ѓубрење,N-P-K за пролетно претсеидбено ѓубрење и N-P-K и азотните ѓубрива за прихранување на пченицата во пролет. Во последните години во светот се применуваат и фолијарни ѓубрива за пченица, а изборот се врши врз основа на брзи фолијарни анализи на лисно ткиво.

Многу е важно која комбинација на N-P-K ќе се избере и колкаво количество. Сето ова треба да биде внесено во ПРОГРАМАТА за ѓубрење. Изборот на ѓубривата, односно на комбинацијата и дозата, се базира исклучително на резултатите од агрохемиската анализа на почвата и другите параметри за пресметката.

Во производството на минерални N-P-K ѓубрива и, секако, во трговијата има многу бавно растворливи и добро растворливи ѓубрива во почвата и тука мора да се обрати внимание во програмирањето на ѓубрењето.

Нашите искуства со агрохемиски анализи на почвата во РМ укажуваат дека зависно од регионот, локалитетот и парцелата, потребите се мошне различни како во изборот на комбинацијата, така и во пресметките на дозата, т.е. количествата на ѓубриво, водејќи сметка да се аплицираат потребните количества на „активна материја" – азот, фосфор, калиум, по потреба и други хемиски елементи.

За есенско основно ѓубрење најчесто се практикуваат комбинациите на N-P-K: 10-20-30, 10-30-20, 4-7-28, 6-18-36, 7-20-30. За ѓубрење пред сеидба непосредно: 13-12-10, 13-113-31, 15-15-15, 20-10-10 (овие комбинации најчесто се аплицираат ако недоволно е извршено основното есенско ѓубрење или ако не е извршено).

Дозите по единица површина (декар, хектар) се одредуваат исклучително според агрохемиските податоци за плодноста на почвата, ако сакаме правилна исхрана на пченицата со цел да се добијат повисоки приноси и добар квалитет. Дозите можат да бидат 250 кг/ха од N-P-K 10-20-30 и до 350 кг/ха. Второто количество од 350 кг/ха ќе биде ако почвата е сиромашна со калиум. Морам да истакнам дека почвите во РМ веќе стануваат сиромашни со калиум. Постепено се исцрпувале количествата и мора да се вратат изнесените елементи во почвата со адекватни ѓубрива.

Имено, за 100 кг пченица од почвата се исцрпува азот околу 2,40 кг, фосфор околу 1,20 кг и калиум околу 2,00 кг.

# Четири фактори- клучни за високи приноси



**Квалитетот на земјата, семето, храната и водата се лимитирачките услови за добри приноси кај житните култури**

Пишува: Огнен Оровчанец

Во подготовката и одгледувањето на земјоделските култури четири фактори директно го лимитираат приносот, особено кај житарките. Квалитетот на почвата со составните елементи, храната за прихранување и на почвата и на житарките, користењето на квалитетно сертифицирано семе и водата се клучните фактори. Сето останато што е потребно, климата и природните услови, ги имаме во Македонија

ПОЧВА - Во Македонија имаме мали парцели земјиште, коишто според квалитетот се главно од втора, трета, па до седма категорија.

Почвата со составните елементи е многу битен фактор за успешен род, бидејќи кај нас веќе се подзаборави подготовката на почвата за сеидба. Но, пред да се започне со таа операција, најдобро е да се направи агрохемиска анализа. Преку неа се доаѓа до сознанија за тоа што недостига во составот на почвата. Во основа, почвата треба да ги содржи трите макроелементи: азот, фосфор и калиум, коишто се неопходни за создавање на органска храна кај растенијата по пат на фотосинтеза. Покрај нив, битни се уште 12-тина микроелементи. За жал, во РМ дури сега, по интервенција на агрозаедницата, преку Министерството за земјоделство се стимулира како мерка анализирањето на почвата.

Подготовката, ситнењето на почвата е, исто така, многу битен елемент кој има големо влијание на добрите резултати. Првото орање започнува уште во јули, веднаш по жетвата. Второто орање е пред сеидбата, а потоа се рамни, сее и покрива.

При подготовката на земјата битно е и запазувањето на оптималните рокови за сеење. Во јужниот дел од земјава со сеење може да се започне уште во септември, сточен грашок 10-15, јачмен може и од 25 септември, другите житарки од почетокот на октомври, а пченицата некаде од 10 до 20 октомври.

ХРАНА - Ѓубривата се храната која е потребна за квалитетен род, а која се користи уште пред подготовката на почвата за сеење. Азотот е елемент кој е најбитен за порастот на растението, органоген (со негово пронаоѓање во достапна форма на растенијата е избегнат гладот). Значи, со екстракција прво во течна форма, амонијак, па потоа во цврста, се добиваат гранулирани ѓубрива кои се неопходни за прехранување на житарките. Другите два елемента, калиумот и фосфорот, исто така, играат важна улога за квалитетот на зрното, но и за градбата на растенијата. Големо влијание за прирастот и приносот на житарките имаат и другите микроелементи: цинк, бор итн. Во зависност од анализата на почвата, се интервенира со соодветно ѓубриво пред сеидбата. „Агроунија" употребува NPK ѓубриво15: 15: 15 и NPK 16:20:20. Со NPK комбинации почвата се ѓубри со количество 250 до 300 килограми најчесто пред орањето.

СЕМЕ - Третиот чекор за високи приноси е квалитетно семе. Не е тајна дека со квалитетен семенски материјал се зголемуваат приносите. На релативно лоши површини имаме добри резултати, просечно 4.800 кг по хектар, а од тритикалето 5.800 кг по хектар. Семето е фактор што го зголемува приносот и затоа мора да се води сметка од каде се купува, бидејќи преку него се носат сите болести.

Сорти кои се препорачуваат: „подобрена оровчанка", „агроунија прима", „македонска родна", „балканија", „македонска рана" и, секако, тритикалето „агроунија".Најголема реклама е кога сортата сама се шири, а засега најраспространета е „подобрена оровчанка".

ВОДА - Водата е фактор без кој и житарките, како сите други видови растенија, не можат да опстанат. Во наши услови има 350 до 450 литри врнежи годишно, а годинава 650 литри, што би требало позитивно да се одрази на родот. По потреба, таму каде што има услови се наводнува, особено кога се во прашање високи температури. Познато е дека земјите кои во светот се вбројуваат како најголеми производители на житарки, Сирија, Русија, Саудиска Арабија, па и Турција, ги наводнуваат житарките.Недоволни количества и квалитет од кој било од овие четири фактори го лимитира производството, односно влијае на намалување на вкупниот принос.Македонија располага со квалитетна земја од прва до трета категорија во Полог, Скопско поле, Пелагонија. Во останатиот дел од земјиштето е од трета до седма категорија, што значи помалку родно, но со правилно производство, анализа и прихранување на почвата, со квалитетно семе и наводнување, последниве години (барем на полето кое го обработува „Агроунија") просечните приноси што се добиваат никогаш не се под 4.000 кг на хектар, односно секогаш околу 5.000 кг по хектар.

Иднина и перспектива, не само за Македонија, туку и за Балканот и за Медитеранскиот базен, претставува тритикалето (житарка добиена со вкрстување од пченица и рж). Има за 20 до 30 отсто поголем принос од пченицата. Во Полска пред 20 години имало околу 300-400 хектари, а сега околу седум милиони хектари се под тритикале. На Запад веќе се користи во исхраната на луѓето.

Сок од грозје без конзерванси

# Слатка шира за зима



Ако овој природен и здрав витаминско-минерален напиток се подготви на вистинскиот  начин, може и без конзерванси подолг период да го сочува пријатниот сладок вкус. Постапката е поинаква од онаа кога од ширата се прави вино.

Најважно е грозјето по бербата добро да се измие и дезинфицира. Тоа се прави со цел да се уништи целата спонтана микрофлора на кожичката на зрната, па и квасестите габички, со чија активност ширата се претвора во вино.

„Грозјето се дезинфицира со потопување во поголемо буре (каца) со вода, каде што на 100 литри вода се додава 20 грама винобран. По дезинфекцијата, грозјето добро се мие во чиста вода и се рони. Најквалитетниот гроздов сок се добива од самотокот, додека преостанатата шира се користи за вино.

Самотокот потоа се става на таложење, за да се отстрани грубата нечистотија. По 24-часовното таложење, избистрената шира се преточува и во неа, заради целосно бистрење, на 100 литри се додава 150 грама растворен бентонит. Потоа следува дводневно таложење и префрлање. Се добива потполно бистар гроздов сок, кој може веднаш да се користи. Меѓутоа, за да се задржат органско-хранливите карактеристики без конзерванси, дури и до новата берба, треба да се примени постапка слична на подготвување на доматен сок за зима. Ширата не се вари, туку само во емајлиран сад се загрева 10 минути на температура од 70 Целзиусови степени. Вака пастеризираната шира се собира во дезинфицирани шишиња, кои се затвораат со плутени тапи и во хоризонтална положба се ставаат на подрумските полици.■



Берба на дуњи

# Плодовите не се оставаат на сонце

Дуњите се берат од втората половина на септември до средината на октомври. Нивниот квалитет и можност за чување зависи од времето на бербата, кое пак најчесто се определува од искуството. Во периодот на бербата плодовите со жолтеникави, лесно се одделуваат од гранките и имаат најдобар вкус и мирис. Многу стручни лица тврдат дека  плодовите се зрели кога од нивната површина лесно се отстранува мовта.

Прерано собраните дуњи се со лош квалитет, не можат долго да се чуваат бидејќи ја губат масата. Предоцна собраните плодови при чувањето рано гнијат, па најдоцна за 7-10 дена треба да се преработат. Тие најчесто се берат рачно, по суво време. За да се намали паѓањето на плодовите, бербата треба да се одвива од долните гранки па нагоре, кон врвот. При бербата треба да се внимава да не се кршат гранките бидејќи на нивните врвови се наоѓаат родни пупки за наредната година. Во текот на бербата плодовите не треба да се фрлаат, туку внимателно да се редат во соодветна амбалажа. Почувствителни на удар се позрелите дуњи. Набраните плодови не треба да се чуваат на сонце.

### ЛИКЕР

Зрелите дуњи се рендаат и се цеди сокот. На литар сок од дуњи се додава литар ракија и една ванила или неколку делчиња кора од цимет. Се промешува и се става во стаклен сад кој потоа добро се затвора. Мешавината се држи на собна температура еден месец. Секој втор ден треба малку да се промеша. На крај, течноста се процедува низ чиста, густа ткаенина или филтер хартија и се собира во шишиња. ■

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДОРАБОТКА И ПРОМЕТ

# СЕМЕНАРСТВО

А.Д. ИЗВОЗ - УВОЗ
СКОПЈЕ

Правилно одбраните сорти пченица и јачмен во склоп со правилна употреба на агротехнички мерки секогаш даваат исклучителни резултати во приносот. **Семенарство АД Скопје** е главен и ексклузивен застапник и дистрибутер на **Земјоделски Институт од Осјек-** Република Хрватска Кој е долгогодишен производител на високо родни хибридни семенски материјали кои се признаени во голем број Држави како и кај нас во Република Македонија.
За подобри и сигурни приноси од големата палета на семенски пченици и јачмен Ви ги претставуваме сортите кои се признаени и докажани кај нас и долги години наназад даваат одлични резултати ширум Македонија.

**Сорти пченица** Супер Житарка, Житарка,Барбара,Српјанка **Сорти јачмен** Златко, Рекс

ЕКСТРА СОРТИ ЗА ОДЛИЧНИ ПРИНОСИ



















**Семенарство АД** Скопје е водечка компанија во Р.Македонија во областа на производството доработката и продажбата на семенски материјали во полјоделството, градинарството, фуражните култури и цвеќарството.
Основната дејност на **Семенарство А.Д.** Скопје е пласман на квалитетни семенски репроматеријали набавени од реномиранни семенски производители. Гаранцијата на квалитетот се базира на потеклото кое се набавува од специјализирани и реномирани светски куќи како:

- **RIJK ZWAAN** Холандија
- **SAKATA** Франција
- **TOP HARVEST** Холандија
- **BIOPRODUKT CACAK** Србија
- **POLJOPRIVREDNI INSTITUT OSIJEK** Хрватска
- **GREEN HAS** Италија
- **AGRO CS** Словачка

Својата дејност **Семенарство А.Д. Скопје** ја обавува преку своите магацини и дисконти во Скопје населба Хиподром и Струмица. Исто така врши и дистрибуирање на своите производи до земјоделските аптеки ширум Македонија . За подетални информации можете да се обратите на телефоните:

**Скопје : 02/2527-738, 2522615 и факс: 02/2527-735**
**Струмица тел/факс: 034/325-506**

# Стресот ги загрозува медоносните пчели



Медоносната пчела, за разлика од многу други животни кои современиот човек ги одгледува за економска корист, е многу повеќе поврзана со природната средина. Таа, во природни услови, надвор од контролата на пчеларите, се однесува исто како и во кошниците, специјално направени за нив. Избеганиот пчелин рој во некое природно живеалиште (шупливо дрво, вдлабнатина во карпа и сл.) ќе опстане без тешкотии, ако во околината има доволно извор на нектар и полен. Поради драматичните промени што со себе ги носи модерната цивилизација во поглед на искористувањето на природните ресурси, вообичаено е многу негативности коишто се јавуваат во животот на човекот, животните и растенијата да се препишуваат на стресот. Тоа е состојба која го слабее организмот на човекот или на другите живи суштества, или во нашиов случај, пчелното семејство. За пчелните колонии, временските услови се еден од најголемите извори на стрес. Неповолните временски услови го намалуваат или целосно го прекинуваат внесувањето на нектар и полен во кошницата. Ненадејното прекинување на излетот и собирањето (поради ниските температури, врнежливи денови или затворање на кошниците поради селење, или примена на инсектициди врз земјоделските култури) предизвикува сериозен стрес кај пчелите. Тоа особено доаѓа до израз ако кошниците немаат доволно резерви на мед и полен.

На стресот во оваа ситуација пчелите реагираат така што матицата го прекинува носењето на јајца и адекватното оформување на леглото. Доаѓа и до исфрлање на претходно формираното легло, што директно придонесува за намалување на јакнењето и растот на колонијата. Во такви стресни услови потребно е прихранување на пчелите.

И снабдувањето со вода може да стане критично во сушните делови од годината кога пчелите-излетнички мораат да потрошат многу енергија да дојдат до водата (големи растојанија и чести патувања). Водата им е неопходна на младите пчели за лачење на матичен млеч и разблажување на медот за исхрана на леглото. Младото саќе, при екстремно високи температури, ако нема вода може да почне да се топи во кошницата, без оглед на вентилацијата што ја прават пчелите. Пчеларот треба да го намали овој вид на стрес обезбедувајќ и чиста вода во поилата. Од друга страна, при ладно време, влагата не смее да се задржува во кошницата, бидејќи и тоа е стрес на пчелите кои се обидуваат да ја одржат температурата во леглото. И премногу сувиот воздух, до којшто може да дојде со вештачко загревање на кошниците, претставува потенцијално стресна ситуација.

Ненадејните температурни промени во животната средина, исто така, предизвикуваат стрес. Без разлика на тоа колку пчелите се обидуваат да ја одржат температурата на леглото на 34-35°Ц, брзото зголемување или намалување на надворешната температурата се одразува како стрес. Студеното легло е извонреден пример за стрес за пчелното семејство. Него треба да го загреваат и хранат голем број пчели од другите легла.Затоа е неопходно да се троши повеќе енергија, да се заменат мртвите ларви и кукли, а особено мртвите легла да се отстранат од кошницата.

Секој фактор што негативно влијае на рамнотежата на активностите во рамките на пчелната колонија може да се опише како стрес. Два фактора кои можат радикално да ја променат рамнотежата се роење и труење со инсектицид. Вештачкото роење, кое пчеларот го врши под неповолни природни услови, има сличен ефект, особено ако се спроведува нестручно.

Прекумерно и често непотребно манипулирање со пчелната колонија дејствува како стрес, особено ако тоа се прави во период на неповолни услови за паша. Истото важи и за чадењето на пчелните семејства. Чадот влијае како стрес-фактор, а тоа е докажано пред многу години преку компаративно истражување во Германија. Пчелните колонии кај кои, наместо чад, при прегледот се користела дестилирана вода од прскалки, имале помалку нозема и повисоки приноси на мед во петгодишниот период на истражување. Денес, кога станува збор за одгледување на пчели, особено отежнувачки проблем претставува паразитот Varroa деструцтор. Тој е опасен паразит за пчелните легла, но и за возрасните пчели, бидејќи во одредени услови предизвикува директно паразитирање, што може да доведе до стрес кој го активира дејството на вируси и други микроорганизми кои предизвикуваат веќе познати болести кај медоносните пчели (европско гнилеж, хронична и акутна парализа на пчелите итн.) Вароата може да служи како пренесувач на причинителите на тие болести. Тоа може да се рече и за ноземата. Со отстранувањето на вароата, пчелното семејство се ослободува од директното паразитирање, но и од еден главен причинител на стресот. Ако се претера со употребата на хемиски или други средства за борба против вароата, доаѓа до нов стресен ефект кој може да се одрази како дезориентација, скратување на животот на пчелите, акутно или хронично труење на одреден дел од пчелната популација во кошницата и до траен пад на имунитетот. Пчеларите треба да бидат свесни за стресот, без разлика дали доаѓа отстрана или го предизвикуваат самите со своите постапки во желба за поголем профит. ■

**(Веста е објавена во списанието „Пчелар“, март 2006 година)**





# Вкусна ракија ОД МЕД



Пишува: Македонка Балдазарска

Од подарок, хонорарна работа, до дополнителен семеен бизнис. Вака, со само една реченица, може да се опише љубовта и задоволството на Дивна Георгиева кон одгледувањето пчели во Смоларскиот крај во близина на самите водопади. Приказната започнала пред десет години, кога таа и нејзиниот сопруг од еден свој пријател добиле едно пчелно семејство како подарок за викендичката што ја изградиле на плацот во атарот на Смоларе. Подарокот бил со намера нејзиниот сопруг да се зарази со пчеларство, но наместо него, за пчелите почнала да се грижи Дивна.Иако дотогаш не знаела речиси ништо за одгледувањето пчели, таа сепак решила да го прошири својот пчеларник и осаменото пчелно семејство го збогатила со уште десетина.

Сега таа ја има главната улога во семејството околу одгледувањето на 25-те пчелни семејства од кои годинава собрала околу 400 кг мед. „Семејствата се јаки, здрави, имаат доволно полен и мед. Но, на почетокот имав огромни загуби, дури до 50%. Ама не се откажав. Бев упорна, учев, читав разна литература, пребарував на интернет, се консултирав со постари пчелари, па сега слободно можам да кажам дека со моето десетгодишно искуство лани дојдов до степен на одгледување на пчелите без никакви загуби", раскажува Георгиева, која започна со производување на интересни продукти меѓу кои е и ракијата од мед.

А дека таа навистина ги одгледува пчелите со задоволство, или како што самата вели: „грижата за нив ме исполнува и одмора", говори и амбиентот во дворот на викендичката, каде што се сместени пчелните сандаци – вистински рај. Дворот изобилува со разни ароматични билки, ретки дрвја и мала плантажа од киви. Најпрво погледот ви запира на еукалиптусот, едно од најмедоносните дрвја во светот (го има во Австралија), од коешто Георгиева засадила два вида. Понатаму веќе се сушеше и ехинацеја, еден вид чај, кој пчеларката го посеала на голема површина и планира дополнително да ја зголеми. Во дворот се испреплетуваат аромите од лаванда, рузмарин, пелин, мајчина душичка, здравец... „Читав дека медот од костен, еханицеа и лаванда е меѓу најдобрите и со најлековити својства, па затоа ги посадив".

Георгиева вади и неколку вида на мед, кој се разликува и по боја и по мирис и по вкус. „Напролет има ливадски и багремов, потоа цутат костенот, липата, драка (еден вид трн) поради што и медот е многу потемен и на крајот на летната сезона пашата на пчелите изобилува со чаеви – мајчина душичка, кантарион, риген, рузмарин".

**Рецепт:**

За правење на ракија од мед се користат 5 литри ракија од 50-52 степени, 4кг мед, 1кг саке со полен и мед и еден литар дестилирана вода. Сето тоа се меша во сад од 10 литри и се загрева на температура од 36 Ц. Оваа смеса на секој седум дена се промешува. По 1 месец се процедува талогот од дното на садот и чистата течност се става во шишиња.

*Дворот изобилува со разни ароматични билки*



*Eukaliptus*



*Ehinacea*


**Се за пчеларството**
**НЕКТАРКООП Куманово**
**овластен дистрибутер на:**

- Минели -Крагуевац
- Ролопласт - Крагуевац
- Златана пчела - Крагуевац
- Технопласт - Крагуевац
- Ивањич - Стара Пазова







- Центрифуги, амбалажа
- Пчеларски капи, блузони
- Препарати, матични решетки
- Рег. на лето, рамки, кошници, нуклеуси
- Погача со полен
- Шеќерна погача
- Био-погача
- Откуп на суров восок
- Продажба на сатни основи

тел: 031 428 737, 031 413 059 ,
070 313 825
ул.Драган Стопаровиќ бр.16 Куманово

# Правилно одгледување на темјанушки



Пишува: Томе Тимов, земјоделски инженер

**Темјанушките најдобро растат во богата влажна почва со многу органски материи. Се става ѓубриво за време на сеењето или подоцна. Се наводнува кога почвата е сува. За темјанушките е важно да примаат доволно светлина.**

Темјанушките (Viola tricolor) се среќаваат низ историјата не само во цвеќарството, туку и во литературата, медицината и во уметноста. Тие достигнуваат висина од 15 до 20 см, стеблото им е компактно и многу ниско, долните листови се јајцевидни, а горните се ланцетни и издолжени. Цветаат во најразлични бои, а цветовите се со дијаметар од 5 до 6 см. Цветаат обилно преку пролет, а со настапувањето на горештините престанува цветањето.

Темјанушката може да се сее во два различни временски периода, зависно од климата. Во регионите со студени зими се сеат надвор, во рана пролет. Во регионите со топли и меки зими темјанушките се сеат во есен.

**1.3 Засадување во градина**

Темјанушките најдобро растат во богата влажна почва со многу органски материи. Се става ѓубриво за време на сеењето или подоцна. Се наводнува кога почвата е сува. Важно за темјанушките е да примаат доволно светлина. Во топли климатски услови, виолите успеваат најдобро ако во најжешкиот дел од денот ги фаќа сенка. Утринско сонце и попладневна сенка се идеални услови. Мулчирањето помага почвата да остане влажна и ладна.

**2. Одгледување на расад**

1. фаза

Семето се сее во здрав и добро дрениран супстрат чија pH е 5,2-5,6. EC на супстратот треба да биде понизок од 0,75 mS/см. Темјанушките се многу чувствителни на големи количества на сол, особено на амониумот кој е штетен во фазата на 'ртење. Сеидбениот слој се покрива со груб вермикулит. Супстратот треба да биде влажен, но не и сатуриран со вода. Претераната влажност влијае на процентот на 'ртење. Оптималната температура на супстратот за 'ртење е 18-20°C. Коренчињата се јавуваат по 3-7 дена.

2. фаза

Во следните 5-7 дена доаѓа до појава и развој на котиледоните. Во оваа фаза температурата на супстратот се симнува на 16-18°C. Количеството на влага се намалува постепено кога коренчињата на расадот ќе избијат во супстратот. Супстратот се остава малку да се исуши пред наводнувањето заради оптимален развој на коренот и за спречување на појавата на алги. Притоа треба да се има предвид дека секоја промена на бојата на супстратот во посветла е знак на претерана суша. Од друга страна, пак, претераната влажност на супстратот доведува до истиснување на резервите на кислород и изумирање на младите коренчиња. Покривката од вермикулит, доколку полека се влажни, обезбедува оптимални услови. Во оваа фаза треба расадот да се вади на сонце, рано наутро и доцна попладне, додека котиледоните потполно не се развијат.

3. фаза

Во оваа фаза доаѓа до развој на првите листови, по 14-21 ден. Температурата на супстратот треба да се одржува од 16 до 24°C. Доколку е можно да се изведува точна контрола на температурата, тогаш е добро да се обезбеди поголем интензитет на светлина.

По правило, би требало да се одржува светлина од 32 до 38 lux со топли услови. Тоа е важно за спречување на појавата







на ишарани и деформирани листови позната како „шарен синдром". Супстратот се засушува помеѓу наводнувањата со што се постигнува развој на коренот и истовремено контрола на растот на надземниот дел на растението. Квалитетот на водата за наводнување е многу важен и доколку е потребно се врши нејзино закиселување. Нивото на бикарбонати се одржува на 60-80 mg/l, бидејќи повисока алкалност ќе го покачи и нивото на pH во супстратот и ќе го блокира усвојувањето на микроелементите. Во текот на оваа фаза и со цел да се контролира издолжувањето на расадот треба во раните утрински часови да се проветрува пластеникот или стакленикот (неколку часа пред и по изгревањето на сонцето) и на тој начин се снижува температурата на расадот, па таа е повисока во текот на ноќта отколку преку ден. Со оваа постапка се придонесува расадот да не се исциглува. По појавата на првите вистински листови може да се применуваат и хемиски регулатори за раст. Едни од најчесто применуваните средства се Алар (daminozide) и Cycocel (chlormequat-chloride). Во оваа фаза, исто така, се почнува и со примена на фунгициди (преку листот) со цел да се контролира лисното обојување. Заштита се извршува на секои 5-14 дена, зависно од условите и процентот на опасност од инфекции. Редовно се прегледува коренот, а доколку се утврди инфекција, се применуваат фунгициди со залевање. Одржувањето оптимална pH влијае превентивно против појава на Thielaviopsis.

4. фаза

Во следните седум дена младиот расад се кали за транспорт и за пресадување. Тоа се постигнува со снижување на температурата на супстратот на 13-18°C. Се дозволува засушување на супстратот помеѓу наводнувањата, но притоа треба да се води сметка да не дојде до појава на венење на растенијата. Расадот може да се држи на температура од 3°C најмногу два дена, доколку немаме можност да ги пресадиме или транспортираме.

### 3. По пресадувањето

На почетокот на одгледувањето треба да знаеме дека темјанушките кои имаат појако развиен корен дозволуваат одгледување со поголема толеранција на грешки. Со тоа квалитетот на расадот е од големо значење за понатамошниот развој на растението.

*3.2 Температура*

Температурата е пресуден фактор за одгледување. Оптималната температура преку денот се движи од 13 до 18°C, а ноќната од 10 до 13°C. Во текот на летните месеци е пожелно одржување на ниски температури. Употребата на постапката засенчување донесува позитивни резултати, но и опасност од исциглување. Појавата на исциглување и високите температури може да ги доведат растенијата во состојба на стрес и прерано цветање. Како што нагласивме, темјанушките позитивно реагираат на третманот на негативни вредности со цел да се контролира висината на расадот. Со оваа постапка растенијата развиваат кратки интернодии и ја задржуваат компактната градба.

*3.3 Наводнување*

Претераното наводнување, исто така, придонесува за издолжување на стеблата и ја зголемува опасноста од појава на разни болести. Поради тоа, потребно е супстратот да се одржува влажен сè додека не се појават корените на дното од саксијата. Потоа е потребно помеѓу наводнувањето супстратот да се засушува, со што додатно се стимулира развојот на коренот и се постигнува подобра контрла на висината на растењето и нивната здравствена состојба.

Доколку сакаме да спроведеме заштита на расадот со некој од фунгицидите со постапката залевање, треба да се има предвид дека таа постапка се спроведува тогаш кога новите корени ќе израснат најмалку 13 mm.

*3.5 Светлина*

Пегавиот синдром на темјанушките може да биде проблем кога младите растенија се одгледуваат под интензивна светлина со температура на 29°C. Симптомот се јавува како јасно воочливи бледозелени и шарени листови кои се издолжени и деформирани. Опасноста од овој синдром трае додека растенијата не развијат најмалку осум листа. Појавата може да се спречи со одржување на оптималниот интензитет на светлина од 32 до 54 lux.

### 4. По одгледувањето

Во малопродажба најдобро е темјанушките да се држат на температура од 18 до 24°C преку ден, а ноќе од 16 до 18°C. Често, температурата е повисока од назначената, па растенијата треба да се засенчат за да се снижи температурата. Потребно е да се води сметка растенијата да не се наводнуваат прекумерно, бидејќ и во оваа фаза темјанушките не транспирираат брзо, па ќе биде потребно долго време за нивно сушење. Темјанушките се осетливи на гасот етилен кој се ослободува од овошје и зеленчук кога дозрејуваат како и од изумрени цветови од друг растителен материјал. Последиците од изложеност на етилен се отфрлање на цветовите, отфрлање на пупките и редукција на лисната маса. ■

***Во ноемврискиот број:***
***Ѓубрење на темјанушките***
***Болести кај темјанушките***





# „ИМТ”, „Гунгор” и „Иртем” – најзастапени

**Српските и турските сеалки засега се најприфатливи за македонските земјоделци, и според карактеристиките и според цените**

Пишува: Никола Трампевски

Кај македонските земјоделци најзастапени брендови на нови житни сеалки се т.н. српски сеалки од брендот „ИМТ” и т.н. турските житни сеалки од брендовите „Gungor” и „Irtem”. Другите брендови од типот на „Гаспардо” од Италија, „Vogel&Nut” од Австрија, „Kuhn” од Франција или „OLT” од Осијек се застапени многу малку поради „високите цени” и немоќта на македонските земјоделци тоа да го платат, а да биде економски исплатливо.

Српските сеалки се добропознати во Македонија, долго време се во употреба и се знаат нивните добри и лоши страни. „ИМТ” Србија е компанија која произведува најмногу за домашниот пазар и за пазарите на поранешните југословенски републики.

Од турските сеалки најпродавани нови сеалки се од типовите „Irtem” и „Gungor”. И двете компании се сместени во областа Текирџик во Турција и воедно се најголеми производители на сеалки во Турција. „Gungor” најмногу произведува за домашниот пазар, има 62 претставништва во Турција, 80 сервисни центри низ земјата и извезува во Бугарија, Грција, Египет, Иран, Аргентина, Казахстан.






Разлики помеѓу двата типа на сеалки:

- Меѓуредовото растојание кај турските сеалки е 13 см и е преземено од многу европски производители;
- Масивност на сеалките – сеалката „Gungor” е скоро за 50% потешка (иако се во иста класа), што значи и повеќе вграден материјал, а со тоа и капацитетот на резервоарот за семе е поголем;
- Турските сеалки имаат затрупувачи на семе, кои помагаат за рамнење на површините по расејувањето на семето во земјата;
- Внесувачите на семе можат да бидат од типот на вули за песокливи и помеки почви или единечни дискови за работа кај тврди или влажни земјишта. Кај српските сеалки стандардна опција е докажаниот двоен диск за работа при добро подготвени почви.
- И двете сеалки имаат странични редукотри за регулирање на количината на испуштено семе, со тоа што кај 17-редната сеалка на „ИМТ” е стариот класичен редуктор, додека кај „Gungor” 17-редната сеалка е современ редуктор со запченици потопени во масло и овозможува фина регулација од 0-40 кг/декар.
- Српските сеалки имаат механички маркери, додека турските имаат хидраулични маркери.

Во однос на цените, за ист тип на сеалка цените се скоро идентични. Така, 17-редните сеалки на пазарот во РМ можат да се најдат за околу 2.500 евра (со вклучен ДДВ од 5%). Цената на 25-редната триметарска „ИМТ” сеалка изнесува исто колку и 23-редната триметарска сеалка на „Gungor” – 3.500 евра (со вклучен ДДВ од 5%).

| **Техничка спецификација на опрема:** | **„ИМТ" Србија** | | **„Гунгор" Турција** | |
|---|---|---|---|---|
| Број на редови | 17 | 25 | 17 | 23 |
| Растојание помеѓу редовите **см** | 12 | 12 | 13 | 13 |
| Работен зафат **см** | 2,04 | 3,0 | 2,20 | 3,00 |
| Маса (тежина на празна машина) **кг** | 400 | 507 | 575 | 845 |
| Капацитет на резервоарот за семе - **литри** | 325 | 432 | 420 | 660 |
| Капацитет на резервоарот за ѓубре - **литри** | нема | | опција со доплата | |
| Затрупувач на семе | нема | | стандардна опција | |
| Потребна моќност на трактор - **КС** | 36 | 48 | 45-65 | 60-77 |
| Тип на улагач | двоен диск | | единечен диск, вули | |
| Маркер | Механички, авт. | | Хидрауличен | |




## НОВА СЕРИЈА





Јавете се! Информирајте се!

**Барате сигурен трактор, со поголем комфорт и економичност?**
**Изберете еден од новата серија на John Deere трактори.**

**Трактори на залиха со снага од 55 кс, 65 кс, 85кс, 90 кс (со клима уред) .**
**Вградени се новите PowerTech мотори за долг животен век и намалена потрошувачка на гориво.**

Дистрибутер за Македонија:
СИНПЕКС ДОО ул."Грчки пат бб",Битола
тел.047 208 500 / фах. 047 208 515

JOHN DEERE

Reliability is our Strength

# Правилно орање со плуг

Пишува: Проф. д-р Драги Таневски, Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје

Обработката на почвата претставува една од најстарите агротехнички мерки применувани од страна на човекот со цел да се задоволат барањата на културните растенија и да се постигнат високи приноси. Со обработката на почвата вршиме нејзино разровкување на одредена длабочина, потоа вршиме продлабочување на ораничниот слој, се создаваат услови за пристап на воздухот, водата, топлината, хранливите материи и др. Исто така, со обработката се бориме против плевелите и прекумерното испарување на влагата. Тоа значи дека со орањето се подготвува почвата за нормален развиток на растенијата.

Значењето на обработката на почвата се состои во тоа што во неа се враќаат и поправаат добрите особини кои почвата ги изгубила во претходниот посев, а особено со збивањето, како и при различни врнежи и со газењето на разните земјоделски машини. Со обработката на почвата особено се подобруваат физичките својства и биолошките процеси на почвата, со што се овозможува и поголемо создавање на хранливи материи за исхрана на растенијата.

За правилно орање потребно е да се обрне внимание на формирањето на слогот, на самото орање и на орањето на разорот.

Слогот по ништо не треба да се разликува од останатото орање. Тоа се постигнува така што при орањето на првите бразди се води сметка за правецот, потоа длабочината на орањето треба да биде нешто помала и браздата да биде со еднаква широчина и меѓусебно убаво сложена.

На сликата е прикажан начинот на формирање на слогот во четири прооди. Правецот на движењето на тракторот е обележен со стрелки.

Во првиот проод, првото плужно тело се подига и ора само второто плужно тело и тоа на длабочина од 10 см. Во вториот проод треба да се спушти првото плужно тело и со него се ора втората бразда. Второто плужно тело притоа се лизга над браздата изорана во првиот проод.

Во третиот проод десните тркала од тракторот треба да одат по дното на браздата од вториот проод и мора да се настојува длабочината на орањето да биде нешто поголема - првата бразда 10 см и сложена на средината од вториот проод, а втората бразда 20 см.

Во четвртиот проод двете бразди треба да изнесуваат 20 см. Во петтиот и сите останати прооди треба да се ора на полната длабочина, но притоа треба да се внимава браздата да биде на иста висина со браздите од слогот, да бидат прави и да имаат иста висина.

За време на формирањето на разорот, треба да се настојува тој да биде плиток и прав. Тоа се остварува на тој начин што во претходниот проод на плугот треба да се ора поплитко, и тоа првата бразда 20 см, а втората 10 см.

Во последниот проод првата бразда треба да биде длабока 15 см, а втората 10 см. ■






finance
central
europe
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2004
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2005
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2006
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2007
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2008
ВАРДАР
ОСИГУРУВАЊЕ
Член на Групацијата triglav
ОСИГУРАЈ ГО СВОЈОТ КАПИТАЛ,
И ПРЕПУШТИ ГО ВО СИГУРНИ РАЦЕ!


ХОРИЗОНТИ
МИКРОКРЕДИТИРАЊЕ
ВИСТИНСКИ ПАРТНЕР
НА ВАШИОТ БИЗНИС!
КРЕДИТИ ДО 300.000 ДЕНАРИ
АГРО КРЕДИТ
за земјоделци
Скопје – Центар
ул. Рампо Левката 14
тел: 02/ 30 93 371
Скопје – Шуто Оризари
ул. Гарибалди 25
тел: 02/ 26 51 269
Струмица
ул. Дебарска 6
тел: 034/ 34 01 67
Гостивар
ул. ЈНА 21
тел: 042/ 22 10 17
Велес
ул. Владимир Назор 28
тел: 043/ 21 18 18
Кочани
ул. Димитар Влахов 72
тел: 033/ 27 85 56
Битола
ул. Жикица Јовановиќ-Шпанац 146 а
тел: 047/ 20 37 25
Прилеп
кеј 9-ти Септември 36
тел: 048/ 42 77 14
www.horizonti.org.mk

Подготви: Агрон Халими

## Извоз на овошје и зеленчук од Македонија во 2009 година

Извозот на овошје и зеленчук од Македонија во 2009 година е намален. Добри резултати се постигнати со грозјето, чијшто извоз е зголемен за 18 отсто, додека извозот на другото овошје и зеленчук е забележително намален. Извозот на јаболко во споредба со минатата година е намален за 28%, на доматите за 24%, на пиперката за 19%, на краставиците за 20% и на зелката за дури 30%. Инаку, Македонија продолжува да биде еден од најголемите извозници на овошје и зеленчук во Србија и Косово, додека во Европа е втора, по Кенија, во извозот на зелка, за разлика од пред една година кога беше прва.




*АгБиз со податоци од интернет-страницата за статистички податоци на ОН.*

# СРБИЈА

## Извоз на сливи во износ од 31 милиони американски долари

Минатата година Србија има извезено свежи и замрзнати сливи во износ од 31 милион американски долари, така што српското производство од 600.000 тони е на второ место во Европа, по Романија, и на четврто место во САД и Кина, исто така, по Романија. Оваа информација е соопштена од министерот за земјоделство на Србија, Саша Драгин, на првата српско-руска конференција за кроење. Рускиот амбасадор во Србија на истата средба ја искажа својата надеж дека по средбата ќе следи потпишување на нови договори и истакна дека рускиот пазар може да го апсорбира целото производство на сливи доколку е со добар квалитет.

*www.freshplaza.com*

## Српскиот „Фудленд" се подготвува за влез на бугарскиот пазар

Српскиот производител на храна „Фудленд" планира да влезе на бугарскиот пазар до крајот на оваа година. Според генералниот директор на „Фудленд", Драган Стојиќ, компанијата веќе има започнато извоз на украинскиот и на австрискиот пазар. „Фудленд" започна со извоз во Украина оваа година и планира да го зголеми извозот за 200.000 евра годишно. Оваа компанија извезува маслинки и суви домати во продавниците на „Метро" во Украина и планира да ја зголеми палетата на производи со производи од преработувачката индустрија. „Фудленд" е основана во 1998 година во Белград и се наоѓа на 250 км јужно од главниот град, во близина на Копаоник, произведува производи за супермаркетите „Метро" во Србија и Унгарија од 2009 година.

*www.emg.rs*

# Бугарија

## „Била" планира проширување

Синџирот супермаркети „Била" планира отворање од 10 до 15 нови супермаркети годишно во текот на следните три години. Компанијата планира отворање на мали и големи супермаркети до 1.200 квадратни метри. „Била" моментно оперира со 75 супермаркети во земјата и само што наполни десет години од почетокот на својата работа во земјата", вели Емил Стефанов, генерален директор на „Била" за Бугарија и Романија.

# Грција

## Производството на домати намалено за 31,7 отсто.

Вкупното производство на зеленчук во Грција е намалено за 18,7 отсто од 2004 година па наваму. Во изминатите години најпроизведуван зеленчук е доматот, чиешто производство во 2008 година достигна износ од 1.338.600 тони, што претставува 38,7 отсто од вкупното производство на зеленчук во Грција. Но, според податоците на ФАО, и производството на домати е намалено во истиот период дури за 31,7 отсто и не се забележуваат знаци на некој нагорен тренд.

*www.tomatotoday.com*

# Анталија, Турција

## Извозот на зеленчук и овошје се зголеми за 34,5 отсто

Извозот од медитеранската провинција Анталија забележително се зголеми оваа година. Свежиот зеленчук и овошјето се главните производи кои се извезуваат од Анталија. Од почетокот на оваа година, извозот на зеленчук и овошје се зголеми за 34,5 отсто и постигна износ од 348,8 милиони американски долари обрт. Овој износ е нов рекорд за Анталија и се очекува тој да се зголеми на 500 милиони американски долари до крајот на годината.

*www.fructidor.com*

# Балкан

## Производството на јаболка се намали за 10-15%

Според предвидувањата на fruit-inform.com, во 2010 година производството на јаболко во балканските држави, Србија, Македонија, Хрватска, Црна Гора, Словенија, Босна и Херцеговина, ќе се намали за 10-15%. Една од причините кои се наведуваат се екстремните временски услови кои придонесуваат за намалување на приносот. Според експертите, производството на свежи јаболка е намалено и поради разните болести. Оваа година големи проблеми направија и врнежите на град коишто предизвикаа големи штети на овоштарниците. Земајќи го предвид намалувањето на про-

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
AgBiz Program
Мислењата изразени во регионалниот пазарен информатор не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на Владата на Соединетите Американски држави.
ФФРМ Медија

изводството на јаболко во Европа и Русија, цената на овој производ би требало да се покачи. Србија има посебен договор со Руската федерација која и овозможува плаќање на само 1% царина, додека другите држави плаќаат од 20 до 40%.

*www.lol.org.ua*

## Москва, Русија

### Пад на цените на грозјето

Во првата половина на минатиот месец во Москва, цената на трпезното грозје без семе увезено од Турција опадна од 1,40-1,53 евра на 1,27-1,40 евра за килограм. Ова се случи поради зголемената понуда на ова грозје. Цените на грозјето „Ред Глоуб" од Италија, исто така, опаднаа од 2,54-2,67 евра на 2,34-2,49 евра за кг. Во исто време, цената на белата сорта „Викторија" од Италија се покачи од 2,29 евра на 2,34 евра за кг.

*www.freshmarket.ru*

## Унгарија

### Една третина од приносот на овошје и зеленчук е изгубен

Според Советот за овошје и зеленчук на Унгарија, една третина од планираниот овогодишен принос (80%) на овошје и зеленчук е изгубен поради лошите временски услови. Производството на домати и пченка е намалено за 30%, на грашокот за 40%, на пиперките и зелката 11-15%. Производителите на овошје имаат поголеми загуби почнувајќи со 80% за црешите, 40% вишните, 30% кај кајсиите, праските и сливите, додека производителите на јаболко предвидуваат само 300.000 тони јаболко во споредба со 500.000 тони од минатата година.

*www.fructidor.com*

| Големопродажни цени во Софија во септември 2010 (во левови) | | |
|---|---|---|
| Производ | Потекло | Цена |
| Домати | Домашни/Македонија | 0,93/1,06 |
| Пиперки (зелени) | Домашни/Македонија | 0,73/0,66 |
| Краставици | Домашно | 0,80 |
| Зелка | Домашна | 0,30 |
| „Златен делишес" | Италија/Грција | 1,13/0,66 |
| „Ајдарет" | Полска | 0,66 |

*1 евро – 1,95 левови*
*Извор: www.ams.usda.gov*

| Големопродажни цени во Хрватска во септември 2010 (во куни) | | | |
|---|---|---|---|
| Производи | Осијек | Сплит | Загреб |
| Домати | 6.17 | 8,00 | 5,00 |
| Пиперки | 5,33 | 5,00 | 6,00 |
| Пиперки (бабура) | 3,33 | 6,00 | 4,25 |
| Краставици | 5,17 | 9,00 | 5,25 |
| Зелка | 2,67 | 3,00 | 2,00 |
| Печурки | 21,33 | 22,50 | 17,50 |
| Јаболко „ајдарет" | 3,33 | 4,00 | 3,75 |
| Јаболко „јонаголд" | | 5,50 | 3,75 |
| Јаболко „златен делишес" | 5,33 | 5,75 | 4,25 |
| Грозје | 10,33 | 10,50 | 8,50 |

*1 евро – 7,26 куни*
*Извор: www.tisup.mps.hr*

| Големопродажни цени во Србија во септември 2010 (во динари) | | |
|---|---|---|
| Производ | Београд | Нови Сад |
| Домати | 45 | 50 |
| Пиперки | 55 | 50 |
| Пиперки (бабура) | 50 | 40 |
| Краставици | 35 | 30 |
| Зелка | 25 | 25 |
| Јаболко „ајдарет" | 45 | 45 |
| Јаболко „црвен делишес" | 60 | 60 |
| Јаболко „златен делишес" | 55 | 60 |
| Грозје | 55 | 60 |

*1 евро - 105 динари*
*Извор: www.stips.minpolj.gov.rs*

| Големопродажни цени во Подгорица во септември 2010 (во евра) | | | |
|---|---|---|---|
| Производ | Мин | Макс | Просек |
| Јаболко „ајдарет" | 0,70 | 0,70 | 0,70 |
| Јаболко „златен делишес" | 0,70 | 0,70 | 0,70 |
| Јаболко „црвен делишес" | 0,70 | 0,70 | 0,70 |
| Трпезно грозје | 0,70 | 0,90 | 0,80 |
| Домати | 1,03 | 1,28 | 1,16 |
| Пиперка | 0,60 | 0,65 | 0,63 |
| Пиперка (бабура) | 1,30 | 1,45 | 1,38 |
| Зелка | 0,18 | 0,20 | 0,19 |
| Краставици | 0,40 | 0,50 | 0,45 |

*Извор: www.amiscg.org*

**Продажни цени во Албанија во септември 2010 (во леки)**

| Производ | Тирана | Фиер | Корча |
|---|---|---|---|
| „Грени смит" | 96 | 100 | |
| „Златен делишес" | 99 | 108 | 108 |
| Домати | 53 | 49 | 37 |
| Пиперки (зелена) | 33 | 31 | 33 |
| Зелка | 30 | 33 | 24 |
| Краставици | 32 | 32 | 55 |

*1 евро - 135,9 леки*
*Извор: www.kash.org.al*

**Малопродажни цени за септември во РМ**

| Производ | Класа | Мин. | Макс. | Најзаст |
|---|---|---|---|---|
| Домат | Прва | 17,7 | 30 | 24 |
| | Втора | 15 | 20 | 18 |
| Краставица | | 22 | 30 | 25,7 |
| Пипер | | 18 | 30 | 24 |
| Компир | | 14 | 22,6 | 17,6 |
| Зелка | | 11,6 | 18,6 | 13 |
| Кромид | | 20,7 | 31 | 24,3 |
| Грав | | 96 | 120 | 104,7 |
| Сливи | | 22 | 34 | 28 |
| Јаболки | | 50 | 60 | 50 |
| Грозје-црно | | 30 | 36,4 | 31 |
| Праски | | 24 | 40 | 30 |
| Лубеница | | 8 | 11 | 9,4 |
| Диња | | 12,7 | .17.7 | 15 |

**Продажни цени во Косово во септември, 2010 (во евра)**

| Производ | Приштина | Урошевац | Пеќ |
|---|---|---|---|
| **Јаболко** | **0,35** | **0,85** | **0,55** |
| **Грозје** | **0,55** | **0,35** | **0,90** |
| **Домати** | **0,33** | **0,25** | **0,27** |
| **Пиперки** | **0,27** | **0,35** | **0,30** |
| **Зелка** | **0,07** | **0,10** | **0,09** |
| **Краставици** | **0,22** | **0,15** | **0,45** |

*Извор: www.food-ks.org*

**Цени од добиточните пазари во Р. М - септември**

| Категорија | | Добиточни пазари | | | Забеле. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Скопје | Струмица | Тетово | Мерка |
| Теле 1-6 месеци | мин. | 150 | 140 | 120 | кг/ж.м. |
| | макс. | 160 | 153 | 140 | кг/ж.м. |
| | најзастап. | 150 | 147 | 135 | кг/ж.м. |
| Јуне 6-18 месеци | мин. | 120 | 112 | 115 | кг/ж.м. |
| | макс. | 130 | 122 | 125 | кг/ж.м. |
| | најзастап. | 125 | 118 | 125 | кг/ж.м. |
| Молзни крави | мин. | 42.000 | 41.500 | буша 16.000 | Грло |
| | макс. | 90.000 | 73.500 | буша 28.000 | Грло |
| | најзастап. | 70.000 | 56.000 | буша 23.000 | Грло |
| Јагниња до 18 кг | мин. | 150 | 140 | / | кг/ж.м. |
| | макс. | 160 | 160 | / | кг/ж.м. |
| | најзастап. | 160 | 147 | / | кг/ж.м. |
| Јагниња над 18 кг | мин. | 100 | 113 | / | кг/ж.м. |
| | макс. | 110 | 127 | / | кг/ж.м. |
| | најзастап. | 110 | 123 | / | кг/ж.м. |
| Овци | мин. | кг/ж.м. 220 | 5000 | 5500 | Грло |
| | макс. | кг/ж.м. 230 | 5700 | 6400 | Грло |
| | најзастап. | кг/ж.м. 220 | 5350 | 6000 | Грло |
| Прасиња 20-35 кг | мин. | 120 | 115 | / | кг/ж.м. |
| | макс. | 140 | 130 | / | кг/ж.м. |
| | најзастап. | 140 | 120 | / | кг/ж.м. |
| Гоеница 90-110 кг | мин. | 120 | 80 | / | кг/ж.м. |
| | макс. | 130 | 105 | / | кг/ж.м. |
| | најзастап. | 125 | 100 | / | кг/ж.м. |
| Јариња | мин. | 150 | 115 | / | кг/ж.м. |
| | макс. | 160 | 125 | / | кг/ж.м. |
| | најзастап. | 150 | 125 | / | кг/ж.м. |
| Сено | најзастап. | бала 80 | / | 5 | кг |
| Луцерка | најзастап. | бала 80 | / | 7 | кг |
| Слама | најзастап. | бала 30 | / | 0,4 | кг |

** Цените се изразени во денари*

**Големопродажни цени за септември во РМ**

| Производ | Класа | Мин. | Макс. | Најзаст. |
|---|---|---|---|---|
| Домат | Прва | 10 | 20 | 12,5 |
| | Втора | / | / | / |
| Краставица | | 10 | 20 | 15 |
| Пипер | | 10 | 30 | 20 |
| Компир | | 10 | 25 | 15 |
| Зелка | | 10 | 15 | 10 |
| Кромид | | 20 | 28 | 23 |
| Грав | | 80 | 100 | 90 |
| Сливи | | 15 | 20 | 15 |
| Лубеница | | 5 | 8 | 5 |
| Јаболки | | 40 | 50 | 40 |
| Праски | | 15 | 20 | 20 |
| Грозје-црно | | 20 | 30 | 25 |
| Диња | | 8 | 10 | 8,7 |

*Извор: www.mzsv.gov.mk*
*ЗПИС-Пазарни информации*

# ЗА ЕСЕНСКА СЕИДБА 2010 ПОГОЛЕМИ ПРИНОСИ СО АГРОУНИЈА – СКОПЈЕ

**ДЕЈНОСТ: СЕЛЕКЦИЈА И ПРОИЗВОСТВО НА СЕМЕНСКА ПЧЕНИЦА, ПРОМЕТ СО СЕМИЊА, МИНЕРАЛНИ ЃУБРИВА И РЕПРО МАТЕРИЈАЛИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ**

## АКТУЛЕНО ВО МОМЕНТОТ:








ЗА ЕСЕНСКА СЕИДБА ВИ ГИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ СЕМЕНСКИТЕ ПЧЕНИЦИ СОРТИ:
**ПОДОБРЕНА ОРОВЧАНКА, АГРОУНИЈА ПИРМА, ОСАТКА, ОЛГА** КАКО И НОВИТЕ СОРТИ РЕКОРДЕРИ: **МАКЕДОНСКА РОДНА , БАЛКАНИЈА И МАКЕДОНСКА РАНА.**
СЕМЕНСКО ТРИТИКАЛЕ РЕКОРДЕР: **АГРОУНИЈА.**СЕМЕНСКИ ЈАЧМЕН: **РЕКС И СЛАДОРАН.**








***ЗА ЕСЕНСКА СЕИДБА ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ МИНЕРАЛНИ ЃУБРИВА***

***NPK -15:15:15, NPK - 16:20:00, NPK -20:20:00***

***Tel: 02/257 27 77***
***email: agrounija@unet.com.mk***
***http://www.agrounija.com.mk***

# СУЗБИВАЊЕ НА ПЛЕВЕЛИТЕ ВО ЕСЕН

LOGRAN 20 WG

LOGRAN

**LOGRAN** - дава сигурна контрола на широк спектар дикотиледонски плевели и споредно дејство на некои тревни плевели.
Ефектите од делувањето се видливи во период од 1 до 3 недели по третирањето.
Ниски дози на употреба - контрола за цела сезона.
Флексибилно време на третирање - од сетва до завршеток на братимење "pre & post emergence".
Компатибилен со хербициди за тревни плевели (**BOXER, AXIAL, TOPIK**).

Dividend® 030 FS

## ВИСТИНСКИ ИЗБОР ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА СЕМЕ:

## ПЧЕНИЦА, ТРИТИКАЛЕ, ЈАЧМЕН, ОВЕС, РЖ.

Хромос Пестициди

телефони: (02) 3113 292; (02) 3237 563; (02) 2722 610;

www.hromospesticidi.com.mk

syngenta